ГИМНАЗИЈА
АЛГОРИТАМ

# ПРИКАЗНОЛОГИЈА

## УЧИЛИШНИ ТВОРБИ

март 2021

## ПРЕДГОВОР

# ПРИКАЗНА ЗА ПРИКАЗНИТЕ

Во првиот дел од Приказнологија е претставено моето дело преку Соочувања, Војна, Живот, Љубов и Сонувања. Вториот дел е збирка есеи напишани од нас, учениците од Гимназија Алгоритам, кои се создадени на часовите по македонски, германски и англиски јазик и ликовни дела креирани на часовите по дигитална уметност.

Приказна за приказните, од енциклопедии до сказните, пласирајќи се низ времињата, полињата, низ еквилибриум на Вселената. Настани и случки, некои тивки, други бучни. Мудрости и совети, мотивација и инспирација, карактеризирани со сериозност низ перипетија се појавува и зезанција. Идеи и желби, емоции и прегратки верни. Едукација пренесена, посветеност кон сон и пасија, секој посебен и прекрасен на свој начин од оваа фамилијарна нација. Можности и шанси, заедништво, витештво. Приказни на живот, волшебноста во мигот.

Ментори генијалци веќе 13 години низ загатки и алгоритми не водат, едукативно се борат, за култура и однесување, чудесно достигнување. Голема благодарност до директорката и професорите кои го овозможуваат ова со нивната максимална посветеност кон нас учениците. Тие нè насочуваат кон вистинскиот пат во животот, а тоа е да го живееме нашиот потенцијал.

По патот кон целта, ако паднеме, да не се откажуваме, да станеме, зошто **УЧИМЕ ЗА ДА ЗНАЕМЕ!**

**Никола Симоноски IV-1**




**Low poly effect**
**(Photoshop)**

# ПРИКАЗНОЛОГИЈА

Никола Симоноски

# СООЧУВАЊА
## ПРВ ДЕЛ

### I
### Достоинство

Достоинство, некои ќе го наречат проклетство, се менува кога ќе влезеш во полнолетство. Небаре планираме бегство, се заборава во детство. За жал, ова се случува често. Во потрага по место и да е правилна одлука да свртиме лево, ние одиме десно. Тажно е и смешно. Кога столчето станува жешко, се топиме брзо како Снешко, не е лесно. Човек прави одлуки, те повредува и да не прозбори. Еднаш пред тебе те благословува и ти се смее, колку си убав, леле. А во некоја друга прилика, каде што ти не си во близина, те пушта да паѓаш од висина иако ти рекол дека ќе те држи во прегратка. Луѓе, камо ова да беше реткост. Додека да дознаеш што ти се крои позади сцена, некој те трга од смена, тивко сè ти изгледа, а всушност има врева.

Што значи карактеристиката за убаво? Може ли некој да ја дефинира конкретно, затоа што сите си имаат своја интерпретација, си замислуваат дека се колегијални во имагинација, сè им е на зезанција. Сè додека не се работи за нив, тогаш слободно си дозволуваат да направат дека некој друг е крив. Ќе ти затворат капак во зовриено тенџере, иако ти им пружаш рака низ тоа замаглено пенџере. Нели се знаеме одамна и се сакаме, никогаш нема да се отпуштиме и предадеме, ама еве еден дел од нас како да се каеме. И си жалиме, како ли не увидовме, во што се пуштивме, види сега до што дојдовме, а низ што ли само пројдовме. „Ти верувам“ е голема работа, а некои го користат тоа за срамота. Во последно време осознавам некои нови работи, осмислени движења за игра, да сме живи здрави што се случи, ете, се случи, бидна. Близок ти е денес, за кратко време шокантен странец, мистериозен како нова книга во ранец. А демек се дружевме, на добра кауза наречена другарство служевме. Во алкохолни лудории влегувавме. Поспоро по скали за да не паднеме слегувавме. Ама одеднаш го смени твојот став, нека си тера секој по својот пат, подобро може е така отколку да ме фатиш за врат и да ме скршиш пак, а не ми даваш ни предупредувачки знак. Или кога имаме некоја заинтересираност за личност, веднаш наоѓаме некаква сличност, толку се восхитуваме што иако може да има некоја мана, ни изгледа перфектна, сјајна, со неа сакаме да седиме во дневна, ама не ги гледаме многуте знаци

дека можеби нѐ има фрлено во плевна. И ја затвора за да секне, без око да ѝ трепне единствената лековита чешма.

Ако засекогаш чекате за да се согласи да испиете кафе, или сокче, чисто да направите муабет, мислејќи дека имате заеднички свет, се надевате дека нотификацијата на екранот е негова/нејзина, и во брз лет си замислувате дека сте во близина, на права лента, а другата личност ве одбегнува во кривина и ви ја краде целата милина. Не се повредувајте самите себе претерувајќи во обидот за некој да ве забележи...

Во срце имам некакво достоинство, те откачив, сега сме на чисто, ама во дејствувањето не сме исто.



**Карактер**

## II
## Ех, ти возрасен човеку

Ех, ти возрасен човеку! Ти комплексно, филозофско битие, вистинско откритие. Го облече палтото и една вратоврска означувајќи дека си формален, фала богу, нормален. Претпоставувам уживаш во некоја чорба, носејќи пари во торба, знам дека се работи за борба, се менуваш како што каса отровна кобра. Ех, ти возрасен човеку! Се смести во станче, си зема едно крем бананче. Хах направи и запали една цигара, веќе не морам да плаќам кирија. Купи возило и почна да шеташ, права возрасна личност си еј, сега цепаш. Научи да миеш гаќи, да коваш во ѕидот шајки. Си готвиш и си переш, малку од нервоза некогаш се дереш. На работа некогаш проблеми, изобилства од дилеми, арно ама, ќе одиме на Сејшели, иако некогаш заборава да дели. Во потрага по цели и богатство, некогаш во умот не му станува јасно. Еј, ама ти возрасен човеку си пораснал нема што, не може со тебе било кој. Ќе му ја впериш муцката на тој. Тој, таа, кој и да е, само да не даде. Во потрага по работно место, зошто се губиш често? Не е лесно, ама нека остане чесно. Илузии ти имаш, возрасен човеку. Како зјапаш во таа пара, за неа има да згазиш крава, ќе ја направиш коса линијата права, пробивајќи се низ два даба, леле, луѓето што ќе речат, дека сум страва, никој мене не може да ме мава. Ех, ти возрасен човеку! Многу си голем, порасни, извиши се и созреј, како прекрасна креација си створен. Зошто мораш насилно да корнеш корен од почва? Ај малку вдиши, па спокојно издиши во ноќта. Изгледа забораваш на чистата искра во тебе, што тука ја носиме во себе, да, и кога си легнуваме тажни и скршени плачејќи под ќебе. Ех, тоа малечко дете што си бил пред некое време, не можеш да се сетиш ни кога ни како, остаре тоа семе, а можеби и не сакаш да ти тежи како лошо бреме. Продолжуваш насилно да бараш, да караш, по врати да маваш. Ех, ти возрасен човеку! Влезе во рутина, сенка на себе која кулира, посакувајќи да може и да се дуплира. Потиснувајќи емоции, станувајќи нем. Во лошо и добро... се тешиш, ќе помине! Ех, ти возрасен човеку, ти директоре, филозофу, ученику, надвор од пубертет прогласен. Озборуваш и некогаш кризираш, хипнотизираш. Дали помниш ти мало дете, покривајќи го со ќебе, погалувајќи те тебе по малото теме, зимајќи те во прегратка слатка, давајќи ти да пробаш вафла. Ти сите не смееш, и кога ќе пробаш да пееш. Некоја песна слушната на радио, играјќи Марио. Дали знаеш каква среќа носеше кога пристигна на овој свет, во тој волшебен лет. Кога прв бакнеж имаш почуствувано на образчето, погалувајќи ти го рачето. Кога рачињата не можеа да покажат димензија на твојата среќа и љубов кон мама и тато. Јас те сакам најмногу, не, јас те сакам

повеќе, јас, ех, ти слатко човече. Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш? Доктор, не, астронаут, не, мускетар. Од трчкање низ дворот, седнувајќи под борот. Кога играше со другарчињата и учеше што е бонтон, на оваа слика од животинското царство виде коњ. Запознавајќи другари и другарки, не пцуејќи мајки и шајки. Мирен сон си добивал, ќе си се удрел и си продолжувал, лист нервозно сега кинеш, небаре од тоа ти зависи дали ќе земеш во следната минута воздишка, дали ќе можеш да се напиеш сок од боровинка. Толку паѓаш во сив облак, затоа што сакаш да исполниш некои негативни очекувања од тебе, да не викаат мало бебе. Се плашиш, разбирам. Не сакаш да бидеш отфрлен, разоткриен. Се криеш под некоја фасада, со некоја гримаса, изградувајќи бригада, барикада. Немој да ме откриете, со помалку емоции барем нема болка, нема да тажам повторно под крошна. Дали се плашиш возрасен човеку?! Рушиш насмевки и врски. Родители, браќа и сестри. Зошто забораваш? Ама чекај. Ти си возрасен. Ти не треба да плачеш, ти не треба да прашуваш ниту пак да бидеш љубопитен. Ти треба се да знаеш. Општеството вика така, мора да е вака. Ама ми се тресе мојава рака, некогаш од мака. Ама ќе си се скријам во тајно место, каде што ми е безбедно често. Не ме осудува таму човек ниту пак суштество во близината. Седи си мирен, трај, ќе има добар крај, ќе имаш да измиеш чинии со сјај. Ти си тоа мало детенце, радувајќи се на количе, на убавината во раскажувањето на приспивна приказна. На мир и спокој? Што се случи ВОЗРАСЕН ЧОВЕКУ? Каде е таа искра во тебе, ти си прекрасно процутено семе, еј возрасен човек си, леле! Ама некако те чувствувам како некој како да те дере, бегаш и се затвораш, возрасен човеку. Се затвораш и се менуваш, не можам да те препознаам, а викаат би требало да си веќе созреан. Возрасен си, немој да плачеш, не смееш ова, не смееш тоа, шлаканица психичка од секоја страна, се маваш со глава во бетонска брана. Почнуваш да го третираш алкохолот како спасител, искрен крводарител. Шишиња вртиш, се плашиш во погрешна насока да не се свртиш. Се губиш возрасен човеку! Се губиш сам себе, задоволувајќи други околу тебе. Имам проблеми викаш, слики со насмевка на социјални мрежи постираш, изгледаш дека кулираш. Сѐ ти е добро. Со насмевка широка, тие непца сакаш да ти се видат, ама сепак мислиш дека непријателите се кријат, садовите треба да се мијат. Возрасен човеку. Кажано и отпеано од народот дека треба да си скоро перфектен, се да знаеш и умееш. Пази што правиш, пази кај ќе стапнеш, во дрвце да не се бапнеш. Опасен свет е викаш, сонот го губиш небаре почнуваш да липаш. Чекај, чекај! Дали се плашиш возрасен човеку?

Дали можам да ти помогнам? Веднаш се вцрвенуваш во очи, жестината се точи. Извини што се понудив за помош. Ти си возрасен нели, не треба да се загубиш во своите цели, научи лекција, пресечи па дели. Ти си знаеш најдобро возрасен човеку. Би требало да си цвет процветан, веќе многу убаво полеан. Стрижен и бричен, на мајка личен. Зошто се губиш возрасен човеку?

Те снемува и те мачи тема, доволно е нели ако си во маалото најголем фраер во шема,зарем заборави да се намачкаш со таа твоја скапа крема?

Студираше и магистрираше, сертификати доби, зошто мислиш дека треба постојано да сјаеш? Зошто се плашиш да згрешиш возрасен човеку? Возрасен, а сепак осетлив, од надвор со тие мускули можеби си силен, но како ти е во душата под тие намрштени веѓи и раце полни со исушени меѓи, стремејќи се цело време да бидеш битен а во одразот свој смешен и ситен. Возрасни луѓе, се карате како деца, а сепак како да ги имате тие денови фрлено во бездна. Не можете да дозволите вашето его да се повреди, нема тоа Вашето височество да го дозволи. Се карате со родители и другари, браќа, сестри. Заборавајќи на смири-смир, ако се скараме пак ќе се смириме, ама не, само инат ќе тераме и ќе се тепаме. Мислите како да го владеете светот, да ја украдете светлината, ама заборавате дека понекогаш најмоќен е шепот. Доста се спремате да војувате, погледнете, исчекувајте, колку е боженствен, волшебен денот, не мислете дека друг ќе ви го украде пленот. Ама да бидете слатки и да размислувате како деца викаат било срамно, оди мавни се одовде шајко, возрасен човек си, не ти треба помош, ах, каде си, мајко?! Извини, некогаш ти станува најтешкиот збор да го изустиш. Толку ти е тешко иако ти си некогаш тој што згрешил, ама си решил, многу си ти возрасен и горделив, нема што да попушташ кога можат други, не



**Doodle art**

сакаш никој да ти суди. Зошто толку нервоза и омраза возрасен човеку? Каде е слаткото дете што си играше со играчки, верувајќи во љубовта и доброто, она кроткото. Каде е таа твоја убава насмевка, возрасен човеку? Ми личиш како да се губиш, во споредба со порано, повеќе се лутиш. За секоја мала ситница се буниш. Се користиш со некој вулгарен вокабулар, мамето на овој, мамето на него, да ти се плукнам во кремата. А се секираш каков ти е ставот при пушење на пура? Ама зошто толку се нервираш, возрасен човеку? Сè уште ја имаш таа волшебна искра, можеш да пронајдеш во себе мисла, вистинска смисла. Оди одмори се малку на Бистра. Земи чист воздух, возрасен човеку. Ти со изобилства од клетки и молекули, чуда, немој да се претвориш во Јуда. Што правиш, возрасен човеку? Не се продавај на парчиња, на ситни залчиња, зошто стануваш арогантен кога при чувство на моќ, на луѓето околу тебе им правиш шок, не, не е тоа освежителен Вива сок. Човеку, зошто си толку арогантен? Се затвораш длабоко во себе, се покриваш со ќебе, ги отргнуваш блиските околу тебе. Сакаш да ти помогнеме?

Можам сам, возрасен сум, можам! Ааааа! Шшшшт, возрасен човеку... вдиши... издиши. Може ова ти изгледа солење памет. Дете, зарем дете мене ќе ми кажува што да правам, па подобро пиштол на чело да ставам. Претпоставувам ќе ми викнеш: Мали, доста со тие шали! Возрасниот свет е друг, сè се врти во круг. Доста лебдиш!

Кога последен пат си се насмеал? Ама стварно да си се насмеал. Ахахахахаха! Дали си среќен? Го памтиш твојот сон? Оние во твојот топол дом? Ајде сега слушни ме мене. Да ти се плукнам во алкохолот, дрогата, ароганцијата, таа работа што не те прави среќен, се лажеш дека се чувствуваш бериќетен. Да не те повредив возрасен човеку? Оооо... се присеќаш зарем не? На сладок збор затвори врата, удри цврсто со својата рака, заборави дека имаш мака. Си се сменил, возрасен човеку! Не можеш да се препознаеш. Чекај, нема потреба да бидеш тажен. Повторно ќе бидеш важен. Само биди прекрасната креација како што си. Сјај, гушкај, љуби, ѕуни. Лесно е да ги заборавиш вистинските вредности. Така функционира светот... те убива во летот. Оооо... возрасен човеку, пак се секираш! Зошто се менуваш да задоволиш други. Еј, возрасен човеку, тука сум. Кога последен пат си излегол од формалностите на член 22 и член 23. Еј, колку си згоден, сега си официјален. Добиваш вредност, стануваш комерцијален. Погледни во фотографијата, освежи ја меморијата, ова малечко дете си ти. Ама малку надвор од патот, со изгубен сон, го снема твојот бонтон.

Не сум овде многу да филозофирам, туку сакам да дискутирам, нели, вие возрасните како што викате, да аргументирам. Те сакам, возрасен човеку! Те обожавам, пронајди се. Присети се! Не се менувај да задоволиш негативни очекувања, туѓи видувања. Норми по кои некој како тебе треба да се однесува,

да подголтнува, да трпи, да поднесува. Кој е твојот сон? Дали лебдиш со него, дали го чуваш? Или пак се плашиш, им веруваш дека не можеш и се откажуваш. Зошто ги слушаш? Некои работи само ти ги чувствуваш. Емоции и чувства.

Возрасно дете. Се присетуваш зарем не, гледаш, ете?! Излегуваш од ароганција, прекрасен човек, ете ја таа насмевка, таа емоција, чувај ја довек. Не заборавајте да се забавувате и да пеете, од срце да се смеете. Колку е жално кога се губиш, поради некоја норма поставена од човек, не смее вака, мора така... Не ти личи на годините.... Ма, оди сликај се! Позз од мене.

Возрасно дете. Се сеќаваш на некоја убава миризба од детството? На некоја пеперутка? На омилена игра? Некоја женска, дечко? На добивање бандера? Ауч!

Возрасното дете се пронајде. Немој да се мрштиш. Ѕуни.
Дете. Другарчиња, другарки, ајде да играме!
А, можело. Види сега колку си добар, секси, е сега си фраер/фраерка.
Ех, ти возрасен човеку.
Ех, ти возрасно дете.
Ех, ти дете.

## III
## Низ решетките

Кога ли? Денес ли? Вчера ли? Јасен закон како на дожд пласиран чадор. Се тресам па се плашам, па сум храбар. Играм во агонија, мелодија на чувствата, дали ќе можам да ја видам во утрото муграта или ќе бидам под пругата. Добар сум, па липам. Во оваа просторија на осаменост, нема веќе отпловувања никаде со чамецот. Прсти се тресат, луѓе не се лечат, очи од солзи печат. И леле само колку е студено и мрачно, блескаво светло, па повторно темно, мачнина често, мир ретко. Зарем треба да е лесно, кога ќе ми ја стават главата ниту да можам да свртам лево ниту десно. И ја чувствувам металната шипка, некој во соседството врат пробува да витка како грубо искорнување на китка, па слави со чај од липа, заигрува на своја територија, на нива. Во непознати води плива, џвака слива. Слушам џагор и чекори надвор од оваа ќелија. Од време на време некој крик, па ќе се одзива намуртен лик. Ќе стигне заматена вода, ретардирана мода и некое мевце, што им останало кога се гостеле мината вечер. Компонирам за мојава трагедија. За одамна изгубената надеж. Веќе во

мојот живот дождот има престанато да роси, пламенот сѐ гори, не остануваат никакви пори, нѐ соблекуваат голи. Тажно е, среќно е, бавно па брзо, лудо па нормално. Агонија па агонија. Ама што многу го тупам, кој ме врти, не ме става на два прста како сопнување од одврзана врвка. Ние сме тие мивки. Тој отпад и терет на дружината наречена општество, нас нѐ има поразено витештво. Ние сме пример како не треба да се биде. Камења се фрлаат, по нас викаат: Ви немаааа спаааaас! Ете пак се чувствувам тажно во овој час. Ме осудија. Да. Што се чудите? Киснам во оваа ќелија надевајќи се дека треба да научам лекција. Мислите дека ми е гајле? Јас ништо лошо не сум направил. Јас сум наклеветен, невино мило суштество. Ме наместија. Јас сум едно културно човече. А еве овде сепак сум затворен, претепан, изгризан. Чувствувам како нешто ми се збори и суди, зарем немаат ли души? Ееее на времето со другарчето кога беревме круши, соседот со бормашината ограда буши, сонцето со сиот свој сјај на таа падина, ох каква прекрасна градина. Или пак запознавањето на мојата љубена, таа за мене е судена. Ние се сакавме и уште се сакаме. Таа плови во океан на можности. Јас сум вжештен од овој пламен, некогаш се мислам да скратам маки со еден камен. Би згаснала оваа беда, трагикомична шега. И ете публика сепак ме гледа, и со потсмев се шета, разгласува низ сите села. Каква будала сум, секој да се пази макар и да направам мал шум, да не им дојде во нивниот живот бум. Одамна се немам видено со мојот кум. Се надевам дека се е ок, здрав, жив ниту задолжен, нити крив, нема станато див. Дека не виси по некои осамени места како овие тука, пушка во секој момент може да пука, и после од болка некој да кука, на врата батко со качкет по принцип на работа да чука, и да те земе и однесе, пеејќи ти дека светот никогаш нема да те поднесе. Тешко е да си го слушам здивот, во



**Цртеж со фломастер**

мигов, мирисајќи го од оџакот димот. Домот крај тоа крајбрежје ми недостасува, да заиграме едно оро, да видам децата како си играат, низ оваа метална врата очи ѕиркаат, чии прсти ли вечерва ќе ме пипкаат. Овде свежа билка не никнува, ми се чини како сѐ да се превиткува, некоја ретардација се збиднува, секој убав си заминува, ретко е и некој да кивнува на раат, немам осет за време ниту пак имам со мене од жената подарок саат, кога ми го даде тик-так при склучување на брак. Ееее животе мој! Исполнет со авантури и бури, главата ми чури, не можам на мир воздишка да земам дури, ај може овој идиот што сам си збори со себе еден ќе куртули, ќе оди уште еднаш да си ја прочита „Доктор Офболи“. Па може ќе се повозам во некои скапи грандиозни коли, за високо да се рангирам, сум слушнал, сум разбрал дека се добри, а да знаете само жената колку добро готви, нема да се обуете, ќе се втрчате да пробате од тие деликатеси, смеси. Пишувам писма од време на време. Од рефлексијата што влегува низ овој минијатурен прозор, зарем јас сум кодош? Во овие отуѓени места се сместени предавници и крадци, што не сакале да делат братски, па да наздрават радосно со чашки, тука во соседството пцуеле мајки, шајки, изгледа заборавиле на волшебни бајки, иако некогаш се кратки. Овие се тие места на мистерија и недоразбирања. На мрачност и лошотилак. Добре дојдовте во воспитен центар за неандерталци, супер ќе си поминете, не заборавајте да не се криете, многу сме пријателски расположени, во работата многу сме вложени. Бојадисани во сите бои за нас нешто во позадина се крои, некој време на истекување брои. Дали е време за отворени ширум порти, па да не мавате со корпи, ако, барем дома ќе однесете пари полни торби, ќе се насмевнете како да имате прочитано смешка во некоја творба, ќе србате на мира чорба исполнети со благодет и спокој, никој не ве предизвикува на двобој. Знам дека понекогаш сум конфузен. И дека нема сѐ смисла што зборам, ама јас сум уметник и творам. Да, да! Пред да заталкам на ова место овде бев познат како изведувач и



**Портрет**

понекогаш дамите ме прогласуваа за одличен романтичар и заведувач. Сакав да одам во театар, или да погледнам некој филм. Да дискутирам со луѓе. За вовед и епилог филозофски немаше да претпоставам дека ќе бидам шут дворски. Јас стварно не знам каде имам толку згрешено, што ли толку се смешало? Како завршив овде, само помнам умор, влечејќи ја жената во нејзиниот врисок, заради мојот стисок, мил мој златен, каде ли ќе биде даден, нели бевме ветени заедно засекогаш, иако можеби се каравме понекогаш. Нема ли да ги пораснеме децата заедно под ова свето небо, да знаат да се однесуваат културно и смело. Ох, ти миличок мој, што ли ти требаше да чепкаш, види се сега како бревташ, во ќелија на коленици пекаш. Се извинувам. Малку тажно ми доаѓа на душичката, се присеќам на куќичката. На фамилија и пријателство, знаете, убави моменти. На подарување ружа на саканата, бакнувајќи и ја раката. Некогаш чекам да заспијам, да се одморам, повторно да пробам да се откријам. Поубаво ми е низ соништата, си леткам крај пасиштата. Дали ќе ме земеш за твој маж? Кога клекнав на коленици, и срцето возбудено ми чукаше, се зацрвенив како пиперка, и добив нова смисла на живот. А колку само го вежбав тој момент. Интонација на глас, дали некој ќе засвири со бас, каква ли прекрасна, волшебна божествена хармонија. И пеперутката летна, тета замавна со четка, почна да го отсликува тој момент. Тоа чудо. И како што јас бев клекнат, надежен да склучиме универзално бесконечно другарство низ добро а и низ лошо, тука секогаш едни за други, ќе ти рецитирам серенади до мугри. Ќе кажувам шеги иако некогаш не функционираат и се чудни. И во таа атмосфера, сите собрани надежно сплотени, насмевка красејќи ги на сите лицата, пилци запееја и замавнаа со крилцата. И во тој молк и тишина, чудесија ме погледна, како принц да здогледа. И рече, да, слатко шеќерче мало бувче. Се возбуди и нашето кутре. Прегратка, овации и среќа, песна се запеја, оро се заигра. Насекаде смеја, другарска врева. И така ве прогласувам за маж и жена! Сите се собравме од сите краишта. Ова чудо овековечено со песна, се потпишав со десна. Тоа беше тоа. Некој под тоа мисли на негова муза, љубов кон татковина, следејќи пасија, тежнеејќи кон слобода. Кога ќе кажат ех, брате тоа беше тоа. Се извинувам, малку ова емоционално ми дојде. Сакам да ја видам знаете, од нејзината сјаење никогаш не би се покајале. Ама тоа е, што е. А дали? Дали е можно да згрешив? На некој погрешно нешто да не му направив? Дали, дали јас сум лош човек? Како да полудувам во моите мисли. Не се секогаш чисти ниту пак бистри. Ох, само да знаете какви бури има, поладни се од антарктичка зима. Нешто мрачно, злобно. Бура надвиснува, ништо позитивно не ми се извишува. Изгледа пореметен сум. Сигурно. Може ако земам и си ја треснам главава од ѕидов и ја расклопам. Барем нема веќе да правам штета. И нема да бидам лош. Ќе речат. Се жртвуваше за доброто. Го уништи гадот што е. И ќе има прослава. Ќе има да се пишува за творбава. Го слушам отчукувањето на времето, ѕуни

низ ходниците и се пласира, како да се спрема некој следен да бира. Не, не остава на мира. Немам јадено одамна, ниту пак пиено нешто со насмевка, сè како да е присилно со наредба. На другарчето во соседството му затропаа на врати, ајде може некогаш и ќе сврати. Игравме заедно карти, и се опијанувавме со измислени чашки. Добар човек беше, иако згреши. За да се стигне до оваа лудница тука, мора да има причина глупа. Добре дојде во фамилијата на пореметените! Ми рече како ќе сме изглегле заедно од тука, ќе пееме под бука. Дека кај и да е, сега, утре, вчера. Ќе сме излегле. Беше спокоен после долго време. И насабајле го одвлечкаа, се тресеше. Како што се удри од тие дисциплински решетки метални, претајќи го земаа и осудија, одлучија. Згасна светилка и таа краткотрајна братска дружба, ќелијата му е празна, а сепак како да се направи гужва. Сè уште како да му го слушам гласот. Со некоја шега или подбивање, откривање. Седам и размислувам. Тоа што ме дели од слободата, е оваа ладнокрвна решетка. Ех, да можев само да се задавам со плетенка. Што ли чува во себе, какви композиции се пласираат, тага и вечна мака, никој тебе не те сака. Колку ли само се имаат надевано, запрашувано, потонувано. Разговор и терапија со оваа решетка. Како да ме теши ама и прогонува во исто време, откопувајќи грубо слатко семе. Некогаш жешка, па ладна и кочан, на неа некој мочал. Се губи чувство со реалност во оваа авантуристичка шега, уште колку ли ќе треба тука да си замислувам убавина и смеа. Липам бесшумно, но имам болка. И сега медитирам сам со себе, можеби ќе дојде поубаво време. Стојам на даска што не е стабилна, во секој момент можно е да паднам со душава лабилна, дали некогаш ќе да можам да се вратам, засекогаш ли ќе патам? Ех, колку уште една шанса би сакал. Може не бев баш најдобар човек ако се присетам и размислам подобро. Камо ли да помагав повеќе? Да не бев алчен, и немилосрден. И човек што мислиш дека ништо не може да го скрши, има нешто што е сензитивно. Бев обвинет за злоупотреба. Да, да! За насилство врз жена и деца. Кој ли сега ќе го папа Баба Меца. Ќе се вратев дома, и пркосев на сè пред мене. Мажу, ти направив вечера, те чекав да дојдеш, ма тргни ми се козо една, види се каква си гадна и бедна! Подобро ќе одам со некоја лесна, животот ќе ми биде како песна! И така сигурно не си чесна, море ќе те преклопам и ќе те фрлам во бездна, гори во плевна! Никогаш не сум те сакал, би те убил сега на лице место, и одеднаш крв бликна во соба, ќе ти покажам што е маж супернова! Слики имам пред мене од тоа што се случи, нешто како да ме гуши, барут стражарот пуши. Имам крв на дланките, децата си ги превртив од санките, дефинитвно ова не е приказна од бајките, дајте ми ве молам да си ги набутам шајките. Си фатив рефлексија низ поројниот дожд, ех, да имав сега еден нож, ќе си се казнев сам себе како што заслужувам и треба, од правдината не се бега. Ех, како може човек да се промени и да се претвори, во сите облици на монструозност. Одеднаш ми светна. Па јас сум тотална ретарда. Може во секој момент да пукнам како петарда. Зошто ли

барам да се тешам, изобилство на изговори, вечни преговори. Не си во право, идиоту! Сите што се грижеа и што им значеше нешто ги плукна, скапи сега како некоја мувла. И сите немирни деца криејќи се во дувла, бегајќи од законот и пресудата низ шумата, пазете се затоа што и на возило ќе ви пукне гумата. Ќе долетате каде што треба да добиете воспитна, на бинго ќе бидете добитна. Чувствувам тежина. Губам со секој близина, ја имам фатено таа прочуена лоша кривина. Кога одеднаш едно врапче долета и ми застана на колена. Немаше звук туку само нашиот поглед. Ми изгледаше осамен, разоткриен, како да сака нешто да ми каже, да пренесе порака и просветлување, а можеби



**Портрет**

разонодување. Како да се разбравме обрнувајќи внимание немо, насмевнувајќи се смело, челово ми стана врело. Како да криеше некоја тајна или испратена порака, што стигнала во горага. Кој ли ми те прати тука тебе, кога сите тука сме едно закопано семе. После многу долг период осетив некоја искра и желба за живот. За да бидам добар. Но како можам да се сменам и да покажам дека сум подобар во овие ѕидини темни каде не допираат многу зраци, каде смислата нема краци, каде сум смешка на папараци. Колку време ми требаше да сфатам, да се скршам па да патам, за на крај да пробам да се вратам. Можев да бидам подобар човек, можеби сѐ уште не е доцна, иако животот веќе ме клоцна. И тогаш го слушнав шепотот, низ металните ходници, моето срце го опколија сите злобници. Пресуда гласи, правдата велат ја краси, уште еден неандерталец скратен, лошо е луѓе се отворам пред вас ништо добро не ме краси. Ох, каква горчина, мачнина и осаменост. Молчеливо дерење, нервозно шепотење и се слуша озборувањето помеѓу луѓето како ќе ме скратат. Детенце беше во посета, на мојот поранешен комшија, тој што го здробија. Ми се чини како да доаѓаше секоја недела. Да го види како е и да прозбори како е и да прозбори за филозофија, како да се претстави пред симпатија и како да се случи магија. Дедо мој најсакан ќе излезеш уште малце, ќе ме однесеш во

Библиотекарско катче. Ќе спремиме, церемонија за твојот пречек, ќе си се одмориш на раат во твојот кревет. Ќе шмрнеш од чајчето и ќе му дадеме храна на мачето. Ќе ти го купам најубавото, тазе ѓевreче. Тој збори а дедо го нема. А тој сепак за одговор молчечиво чека. Ми се разјасни што е живот и од пред очи ми се тргна димот. Каква грижа и нега, кроткост во неговото срце. Па мојот комшија бил среќен човек, внучето се развило од семе и станало корен. Се погледнавме и тажно се насмевнавме. Ме поздрави и ми посака добар ден, ох, тука е преживувачки ден, пробуваат да те растргнат како плен. Зборувавме за животот и што значат овие помеѓу нас решетки, со цврстина оплеменети. Капак на тенџере, цврсто затворено во зима пенџере. Емоција молскавична под праг скриена, вода за чај превриена, солза голтната за да не биде откриена, свеќа растревожена од ветер, дали утре ќе го слушнам почнувањето на денот со петел, прашинка во ќошот, сецнувајќи се со ножот. Делејќи различни совети искуства и перспективи, кое е чарето да се стигне кај поубавите дрини. За мирен сон, сплотено семејство во дом. Бил одличен ми рече, на девојчето и купил мече. Ќе се спремал да рецитира и да се изјасни. Да каже што мисли па и да кисни. Искрено сакав да кажам надевајќи се да бидам слушнат, па можеби и гушнат. Не живеев најдобро како што треба, мислев дека сум господин, пиејќи цел ден со лажните другари Бовин. Светот дека се врти околу мене. Ги повредив саканите сега како што говорам, ги чувствувам маките, во потрага по мене, ми се потат дланките, кај и да е уште малку ќе тропнат на порти, ќе ме извлечат со панталониве мокри, нема да можам даречам дека им се сокрив. Јас сине, ми се чини како да се открив. Душата ми се стопли, како што дедо ти готви, или пак давањето на мачето коски. Признавање вина, со спуштен поглед, одејќи боси. Искрата што секој од нас ја носи. Немој да се двоумиш, мислејќи помеѓу пат светол и темен, поднамести се со чешел и впушти се во светлината везден. Немој да заборавaш да бидеш чесен. Немој да се плашиш од неуспех. Никогаш не знаеш што те чека во околината, лекција барај сам во долината. Сакај и љуби, не се лути ако некогаш загубиш, извисиш. Немој да ги заборавиш саканите, оние вистинските, најбитните. Што им е важно како ти бил денот, дали си направил снешко во снегот, во секое време тука за да дадат идеја за лекот, немој да бидеш себичен и алчен, биди фантастичен. И сигурно многупати ова си го слушнал, кога ветрот дувнал, или пак некој шушнал. Може ти звучи клише ама вистината е добра иако некогаш можеби ќе плачеш од болка, една минута




**Лого за зоолошка градина (Illustrator)**

може да биде многу долга, да ти се чини како цела вечност да прошла. И кога ќе се наведнеш надолу со главчето, не заборавај дека има тука некој да те мотивира и да те фати за да не паднеш на рачето. Немој да се откажуваш никогаш од доброто, уништи го злобното. Дедо ти беше многу интересен човек. Ми беше цимер, на шеги дилер. Те фалеше често, благодарен е за тебе вечно. Ми го разубави денот а и ми ја покажа смислата на оваа авантура наречена живот. Во таа небаре драмска пауза, публиката во очекување на следна перипетија, чудесно застана. Вас господине, иако не ве познавам многу како да ве осознавам. Само што ми предадовте лекција, мило ми е што бев дел на оваа секција. Имам посебно чувство за вас, ќе најдете спас. Младина може од вас да седи и да учи, а не само да тера по свое и да бучи. Може не сте свесни но вие делувате позитивно на мене, како некој да ме покрил на ладно со ќебе. Пробувам да ве разберам, и знам дека ви е мака. Ама вие сте добар човек, конфузијата ја сплетовте со добар конец, вие сте вистински борец. Се обвинувате за многу работи и ретроспекцијата ве турка назад, каде што не сте биле учтиви на врсничкиот пазар. Каде срце пука, заборава понекогаш да чука. И тешко е, па смешно е, една секунда а вечност. Губењето во своите мисли на покајување, откројување. И времето има одбројување, на врата се плашите да не слушнете чукање, или од непозната страна шушкање, на предатор душкање. Но сепак, и после сѐ стоите пред мене, ноќе и дење, и се надевате дека ќе можете да добиете мирен сон во кревет. Немојте многу да се обвинувате, растргнувате. Затоа што вие научивте лекција и ја пласирате на мене за да добијам смисла за патување низ време. И кога ќе видите рефлексија, не затворајте очи, немојте намерно да се запирате и да се надевате вашиот ум да кочи. Вечерва легнете и отспијте на раат, вие сте тој за којшто ќе речат дека бил нешто, поминал низ сешто, неговата егзистенција одекнува вечно. А јас Ви симнувам капа и чест ми е да Ви подадам рака. Се надевам дека некогаш повторно ќе се видиме, ќе



**Постер (Illustrator)**



**Лого за зоолошка градина (Photoshop)**

ги споделиме мислите.

Солза ми се слеа, може некогаш ќе бидеме заедно со неа. Прегратка за збогум, части се за нас со еден локум. И како што тој замина и јас клекнав, па седнав, насмевка после долго време се појави, гулабот нешто убаво ми дојави, стражарот на врата се појави. Со тој познат став ја отвори и ја разгласи одлуката склучена, портата за бегство од тука заклучена. Лекцијата сепак е научена. Ми даде знак дека е време, пушката ќе се крене, чукање силно на срцето, за ова чувство пишуваат со перцето. Часовникот чукаше, ветрето нежно дувкаше, со цигарата тој пувкаше. Мојот од почна, сфатив некои работи, барем не е предоцна. Во синџир моите раце фиксирани, ама ги чувствувам измиени. Низ движењето на холот, нешто ме држи за да не паднам во долот. Целиот живот пред мене се појавува, со извик прогласија дека гостинот се одјавува. Нов веднаш доаѓа на моето место, тоа се случува често. Добредојде на столчето жешко, некогаш и скршен ќе ти биде смешно. Пушка одзади ме буцка, ех, на времето ќе пробав да му дрмнам една по муцка. Иако не баш најдобра околност, чувствувам кроткост, невиност и солза ми се слева, од правдина не се бега. Се надевам дека ќе ми простите, извините што нема да можам да си дојдам дома, да ги пречекам гостите, наместете ги убаво собите. Поздрав до дечињата и жената, ах, кога си трчкавме низ тревата. Опколени со љубовта и смеата. Врзани раце а сепак слободен, заздравена рана иако прободен. Погубен па оживеан. Како ли кај луѓето ќе бидам доживеан? Иако одев и се загубив низ кривини, ви кажувам на сите: Извини! Сказалките отчукуваат и времето дојде, низ многу човеков пројде. Ама се освести, после многу долги протести. А сега композицијата на некое друго место ќе ме носи каде нема да ни е ладно и сите да одиме боси. Застанувам, се насмевнувам. Каква среќа чувствувам, нова перспектива добивам. Собрани сите да видат, молејќи на ова место никогаш да не бидат. Некој од нив невини а сепак бегаат и се кријат. При крајот на мојот од како да гледам светлина на крајот од тунелот, го исплаќам чекот. Паѓам на коленици и за врат ме спуштаат на дрвената маса, се надевам моите се среќни и наздравуваат со чаша, не им е животот ваква каша.

Ама важно е што сфаќам, како е вистински со срце да се сака. Да се подаде рака. И во последните мигови, мирис на метал и дрво, адреналин, плуканка голтнувам, од 1 до 10 за да се смирам избројувам, ама нема баш место кај да скокам, има ризик да се боцнам. Со животот се коцкав, ама важно дознав. За убавата мисла и љубовта драга, сѐ може, кога се сака. Наредба дадена, метал упатен кон моите корења со брзина, во нивни очи ќе направи чистина. Со ова место чувствувам близина, едукација и луда фантазија. И последно замислување и разбирање, константирање, филозофирање, блескаво светло, се втурнувам во бајка во која нема ништо темно. И со последната воздишка, кажувам една молитва, одам конечно на мојата починка.

## IV
## Следи го сонот

Знаете имам размислувано. Секој човек е гениј. Тоа што сакам да го кажам е дека секој има ѕвезда во себе и е прекрасен на свој начин. Големиот Ајнштајн рекол: „Можеш да судиш риба по тоа дали може да се искачи на дрво и цел живот ќе мисли дека е бескорисна“. Една реченица, а сѐ е кажано во неа. Животна лекција. Некој е физичар, некој уметник, атлетичар, ѕидар, балерина, балетан, професор, професорка... За сѐ е потребна таа ѕвезда. Јас мислам дека секоја работа, активност, која е поттикната од љубов и се прави со љубов е еднакво убава и специјална како и сите останати. Секоја функција е убава и специјална на свој начин. Која придонесува многу за нас и за општеството. Иако има нешто што нас сите нѐ спојува, сепак секој на свој начин е различен. Без разлика дали ја имаш дарбата да пренесеш знаење на ученици, да се соберете екипа работници и да изградите зграда, поети да поетизираат, магионичари да хипнотизираат, таксистите да ги знаат сите рути, улички, да ја имаат способноста да го управуваат возилото а притоа да ти раскажат и по некоја приказна. На пазар, пазарџиите си нивниот настап, за да може да продадат повеќе, со целиот занес, пиперки, домати, лубеница. Ајде народе! До магијата и дарбата да се биде доктор, да се помогне на пациенти, до човекот што прави Pizza delivery, и мора за одредено време да ја достави нарачката да не се излади. Да се биде Директор или



**Лого за зоолошка градина (Illustrator)**

директорка и да се изменацира ситуацијата, да се одобри најдобриот наставен кадар, да се оформи прекрасно училиште каде сонот станува реалност, Европска гимназија Алгоритам. До чистачите кои се трудат да ни е чисто надвор, угледно и прегледно. До мотивациските говори: Ајде, можеш, не се откажувај! Имај верба! До сите готвачи со нивните маестрални предјадења, јадења и десерти. Композиторите со ансамбли и оркестри. Правењето сендвичи во сендвичара, со таква специјалност што ние имаме привилегија да уживаме во тој специјалитет. Професор водејќи Драмска секција, до сите разговори, смеења, прегратки, можни расправии, до спортистите и нивните тренинзи. До математичарите и нивните задачи, равенки. До правењето претстава, играјќи на лик, снимањето филм, актери, режисери, настапување пред прекрасна публика со насмевки кои допираат и растреперуваат душа, среќа будат и солзи радосници, играорците играјќи ора, латино танци, хип хоп, до воспитување детенце драги родители, професори, тетки стрини, кувари, лекари, уметници, таксисти, возачи на автобуси, камиони, трактори, сите сме успешни додека го правиме тоа што го правиме со љубов. Да не потценуваме, да мотивираме а не да демотивираме, да се сакаме и почитуваме, да веруваме во сoништата на некоја личност и наместо да осудуваме, да пробаме со нашите зборови како молња да пробиеме, да им дадеме шанса и да ги бодриме. Има многу случаи каде потценувањето и деградирањето е присутно. Ти не можеш ова. Не си добар. Не те бива. На тие што им викаат така, ве молам, не се откажувајте, нека ве направи тоа уште помотивирани, покажете им зошто не се во право. Размислувајте здраво. Следен пат мало внимание. Човек учи засекогаш. Јас верувам во вас и вашите соништа. Не се откажувајте! Бидете истрајни. Сè ќе биде прекрасно. Следете ја љубовта, таа нека ни биде водилка во животот. Ова пишување ке го завршам онака како што го заврши својот говор Хоакин Феникс на примањето на Оскар за улогата на Џокер: ТРЧАЈ КОН СПАСОТ СО ЉУБОВ И МИР ЌЕ ТЕ СЛЕДИ!

# ВОЈНА
## ВТОР ДЕЛ

### I

Пукна пушката и крвта бликна и се всади во почвата. Тоне некаде длабоко под корењата, овенува вената. Можеби мемориите се зачувуваат некаде каде што шепотат и пејат, сеното го сејат. Некаде кавал свири, душата

ја жари. Капки се ронат, зори зорат. Можеби нешто се крои, помеѓу луѓето се збори. Пеперутка прелета над куршумот, цвет процвета околу него, го зема во своја прегратка, и да знаеш, тоа е најубавиот цвет во градината. И покрај тиранијата ја пронаоѓа невиноста. Ме потсетува на тебе, кога ќе ме погледнеше со светкавите очи. Приказните за печалба во странство, пчеларство. При ловење риба, сечење свежа диња. Садење моркови, чекајќи го плодот. Нега и грижа, битно е ти изусти, ме прегрна, не ме остави. Живееше за песна, пишуваше со рака десна. Навечер под свеќа како што ветрето ја дувкаше и ја негуваше, така ти пишуваше. Твореше и беше херој во селото наше, по грбот добиваше мотивација бравоооо братеееее! И кога беше жешко и ладно, работеше со полна сила, на рамо со вила. Ќе биде подобро, не веруваше, не воспитуваше. Ангел на планетата Земја, помага и кога нема. Комшиите изразија благодарност, симнувајќи капа, зачукаа на врата. Сонце беше изгреано, небото ведро, тоа сино изобилство, во едни од неговите поеми го опишуваше бистро, чисто. Со убава мисла и перце држејќи го помеѓу прсти вака, памтам кога се фатив за квака.

И ден-денес памтам кога ќе засвиреше со белиот кавал, на луѓе починака од лоши мисли си им давал. Со јаболко во рака или некоја крушка, нешто во грмушките шушна, се замириса во етерот барутот, кај јаворот. Кај дабот во дворот, зошто не му се слушна зборот. Светот го сака, ми недостига понекогаш, мака. Бројаница зема да брои, зема сестра му кошула да му крои. Тиквешка му беше најомилена знаете, се радуваше кога ќе му дадете. Ахх, ќе направеше, мама некогаш ќе го искараше. И сè уште паметам кога ме држеше за раче, отидовме да испловиме со кајче. Пазете се мама рече, ќе се вратиме до вечер. Ми раскажа приказна за Среќа




**Цртеж со молив**

и Тага, ми кажа: завеслај вака. Влажно беше дрвото каде што се допрев, некој му направил да има провев. Светот може да биде груб ми рече, солзите може да направат да пече. Но не се секирај татичко е секогаш тука за тебе, нема да дозволи добрината да овене. Кажи кој сака да граба насилно цреши, тато одма ќе го разреши. Нема да има време да трепне ни да викне, а ете тато ќе стигне. Се вративме дома вечерта, не пречека полна трпеза. Јадевме моркови и вргањи, земавме и корнишони. Сината му беше најомилена боја, ајде да наздравиме со изворска вода.
Ја победи битката и донесе на селото слобода. Бурата стивна и како што кажа зајдисонце изгреа.

Се славеше и се пееше. Среќа како никогаш до сега. Спокоен седна на дрвеното столче да се одмори, памтам како да беше вчера. Си легна и се спреми да се одмори. Даваше совети на сите, така му минуваа дните, како да го знаеше целиот буквар. Енциклопедија беше, пази се од будали, знаеше силно да рече, а потоа становаше спокоен како мече. Иако војник, беше нејзин непријател, не сакам да бидам марионета на некои туѓи идеали, различни света. Но, за слобода и среќа ќе носам на грб тешка вреќа. Ќе стиснам заби, и нема да се плашам, на највисоката скала да се качам. Може ќе паднам и череп ќе скршам, ама должнаста ќе ја вршам, до крај ќе се борам, за правда и мир ќе трчам ко бик, не сакам да слушам страшен крик. Пилци насабајле да пропеат, и да видам чисто небо, не смог од непријателско тело. Да се разбистри оваа густина, не сакам да живееме во празна пустина. Ќе се качеше на таван и помнам ја полнеше пушката, во лошо велеше, ми е друшката. Викаат во војна оружје е најголем пријател, барут чк, чк. За миг може да згасне живот како некој да има поминато со пегла. Си седнуваше пред огништето длабоко во ноќта гледајќи го жарењето. Ми се чинеше како да не трепка. И по издвоена победа нешто го мачеше, имаше чудна гримаса. Негов пријател драг, скокнал пред него и го фатил куршумот јак, во негово име му рекол се напие вино и гледајќи во небото сино, да го спомне по добро. Се знаеја од деца, од дворот на Цвета. Бркавме женски заедно, рековме сѐ ќе правиме праведно. Како херој ми го спаси животот, и друго сакаше да рече, ама не можеше да доречe. Солза му се слеа, ми се чини како тага да го облеа. Закачи слика, симна капа и се поклони, некој надвор славеше со балони. Добар човек беше, нека пече, нека тече, по нови подвизи и дестинации, не елиминации.

Едно утро ми рече, почуствувај го ова. Беше куршум кој го имаше за секој случај. Метал и ладнина. За него значеше повеќе. Можам да ги почуствувам сите паднати на полето во битката, ладно е многу, сите вресоци и агонии, ладно е на прстето и се чувствува некоја празнина, во потрага по добрина. Правда стига. Кога тогаш, сметки ќе треба да плаќаш. На прстињата ми стана уште поладно. Како снегулка во зимата но не толку невина. Нешто мрачно каде е тешко да се види светлината. Можам да замислам како влегува

во срцето и прска, ама не е слаткиот сок од јагода, туку кисела трагедија. Рачето почна да ми трне, а надвор почна да врне. Како солзите на загубените. Мраз раката ми стана, не како некоја топла бара. Почуствував страв и болка не кротка. Солзите и виулиците, не стигнале дома браќата за питулиците. Рамо до рамо. Брат за брат. Маааааарш! Не ги чувствував прстињата веќе, нешто почна да ме пече. Како некој да ме влече. Ама не како канење на гости или добра вечер, туку пушка огнена влече. Нема милост ниту прошка, те напаѓа како вошка.

Памтам во зима кога Снешко правевме и се гаѓавме со топки, со другарите ќе дрмнеа неколку вотки. Птицата во градината јадеше трошки. Тој вовлекуваше дим од цигарата, и како тонови од гитарата, цитираше мислители и просветители, градители.

Срце со љубов бие, мама спрема за прославата пиле, некаде зајче во шумата се крие, дали е од тигар или волк, или од некој неплатен долг. Сè уште ги памтам приказните пред спиење за крал и некој вол, лекции за тоа што е пол. Третирај ги другите како сакаш да те третираат тебе, славеј од надвор да пее. Сè уште химни за него се пеат, знамиња на слободата се веат. Ја сакаше миризбата на свежа книга, како слатката слива. Садеше и го чекаше плодот, крај борот.

Се скрши прозорецот еден ден, и птица долета во нашиот дом, исплашена небаре бега од волк. Нешто да не нè е на арно прашав, кусурот од продавница ќе го вратам.

Сакаше како птица да лета, како сокол да може да гледа. Да го осети непријателот ако доаѓа од некаде, да нема каде да оди за бегање. Имаше талент за препознавање и проценување луѓе. Си седна во столчето да се одмори со качкет на глава, репетираше пиштол в рака.

Беше мирно и славејот се слушаше како пее, а ветрето мирно како вее. Тато, многу те сакам, му реков. Се насмеа и ми кажа дека најголемото богатство на цел свет е семејството, и дека ме сака на цел свет, најмногу. Да не се грижам, дека тато секогаш е тука. Се имаше загледано во една точка, под една крошна. Чуден ми беше, како пред битка, ја немаше во рака неговата омилена китка. Погледна во небото и гледаше. Како жар во неговите очи да немаше.

Стана и замина на таван се суреди како пречек за генералот, го облече капчето, го наполни оружјето, па седна. Почна да скандира иако беше сам, поздрав до своите другари, се поклони и се насмеа, почна да прави склекови небаре беше 6 часот сабајле во војска, прави пред да станеш коска. Трчаше нагоре надолу. Ја зема пушката и лазеше по земја, сигурно на времето пазел да не добие треска. Истрела еден куршум и го мирисна мирисот, како восок од свеќа. Јуриииииииш! Аааа... оооо... аааа! И седна, ги постави сликите од своите другари, борци и еден поклон со молк и почит. Светлина како да се појави знаете, комшијата викна што правите? Излегоа на тераса и се поклонија, и

погледнаа кон небото. Се врати и беше среќен, ајде жено да се напиеме една.

Следното утро се разбудив порано од кога најчесто се будам. И ете, си седеше на столчето. Со насмевка и куршумот во рака. Памтам како се чувствуваше ладно, и како прстињата не ги чуствував.

Кога одеднаш срцето почна побрзо да ми бие, знамето на слобода побрзо да се вее, кучето и мачето нервозно да се влечат. Јато на птици се појавија кај облаците, доста возбудени и исплашени, небаре порано од југ вратени. Да не е некој човечки експеримент. Тато одеднаш стана, зема нож в рака, врати се во соба ми рече, око да не те пече. Ааааа, некој му скокна, или пак на нешто се боцна. Некој да не го клоцна? Му реков да не останува до доцна. Кога погледнав, еден чичко го стиска за врат татко, што ти стори кажи миииииии?! Почнав да фрлам јаболка и круша, само за да спасам душа. Остави го реков, чевли облеков. Се симнав кај него долу, и што да видам крв блика, на тато помош му треба од непријателот не треба да се бега. Го видов куршумот паднат на земја, се потсетив за неговата песна, на неговата душа чесна. Тато го фати фрлениот куршум, го зема и пукна. Шшшшш... тишина. Тој звук јак низ просторот и претпоставувам одекна на Земјата. Трупот на лошиот чичко падна, крв насекаде гадна. Тато добар ли си? Што да видам, тато цел во црвена боја облеан. Почнав да викам, како војник ранет да крикам. Татоооооо! Како водопад извираше, кои коцки ли ги бираше. Што да направам? Ме стисна за рака. Диши. Издиши. Ајде. Ете така. Ќе биде добро. Нема да можам да живеам без тебе, му реков, нема да можам сам да завеслам до брегот. Тато е горд на тебе, сега војната ја земам со себе. Тревата искосена, мириса убаво зарем не? Донеси ми една ракиичка да дрмнам, а? Ха, се напи и се освежи... ахххх повторно рече, сега душа веќе не пече. Тато сега ќе се одмори а ти немој да тажиш, како што те учев, продолжи да градиш. Те сака тато, пренеси му го ова и на бато. Запомни. Никогаш нема да те оставам. Тука сум во покраината. Како пеперутка летајќи над цветот во градината.

## II

Барут. Куршуми ме плашат, не сакам да се вратат. Прелетуваат над нас со огромна брзина, фаќаат кривина. Со фамилијата се криеме во подрумот наш, ќе помине, ќе најдеме спас. Навечер низ грмушките полека и со минимално движење береме јаготки или цреши, треба да дадеме витамини на нашите вени. Заклучи се и скриј се, пази некој да не проба од твојот страв да пие. Навечер со светилка во ноќта, приказна за поубави денови почна. За бајка и убавина, е таа покраина. Шепотиме и си асоцираме, филозофираме. Како некои поети, не сакаме бајонети. Слушнавме истрелан куршум, може прво му кажале бујрум.

Ајде влези почасти се, па ајде сега мавни се. Слушнавме врисок, не наежи крикот. Морници полазија по нашето тело, многу стана врело. Најголем страв е да изгубам некој што сакам, како ли ќе го вратам? Може ќе ме гледа од убавото небо. Ќе ме води низ денот. Легнувам покрај светилката, ја немам веќе до мене дадилката. Страв ми е да излезам и да наполнам од бунарот вода, не сакам да се вратам со празна кофа. Ќе помине, си велиме, пак ќе делиме. Ќе дојде слобода, ќе падне некоја спогодба. Може ќе ракуваме раце, свеста ќе се крене, нема веќе да има потреба некој да се дере. Може слатко ќе се спие, срце ќе продолжи да бие. Светилката ќе продолжи да свети, светот со билка да го лечи. Како невин цвет што ѕуни на некоја планина, насмевка надарена. Зошто толку нервоза и фрустрација, желба за окупација. За подобро утре се збори, кога ли ќе престане да гори. Живот треба да се живее, да се игра по ритамот на ветрето, да се игра валцер а не да се плашиме да не помине некој багер. Да затропа некои ненајавен гостин, што ли во себе носи? Дали е разбирање и желба за помош, или повторно ќе треба да се криеме во ќошот. Со наведнати глави и дигнати раце во вис високо горе, што ли ќе се стори. Пак ли ќе треба да се бега, бајонет за заштита да се крева. И јуриииш, за да победиш, за воздишка со насмевка и еден бакнеж, да нема потреба од 24/7 копнеж. Прегратки слатки, пред експлозии кратки, наместо да играме, безнадежно викаме. Солза ми се слева, каде ли се влева? Не можам со оваа константна болка, и јас сум ко школка кротка, што сака бисер да направи, да се отвори и некому да го подари. Не ја отворај еднаш, двапати, ќе нема убавина, за да наплати. Видов слики кога родителите биле мали, среќни и здрави. Насмеани и разиграни, кога ќе ги викнеле за појадок или ужинка, на една слатка боровинка. Трчкајќи весело низ дворот, за комуникација се користел зборот. Игра се играло, нешто убаво биднало. Поеми се пишувале, и песни се компонирале, диригенти диригирале. Криенка со другарчињата, брканица разиграна. Наздравје нека е на сите, да бидеме вечно среќни. Со убава мисла, мирисајќи китка. Те сакам, држејќи се за раце, делејќи ишарети под ѕвездено небо, стапувајќи во врска, насмевка еден кон друг, емоции и бакнежи, те сакам драга. Насмевката е многу убаво нешто, те сакам Параскево! Да заврши оваа тиранија и да се препуштиме на љубовта, да преземеме сѐ во свои раце.

Да седнеме под некое дрво на планина со изобилства шари, да направиме еден оброк со кари. Да наздравиме за најголемиот дар животот, среќа со љубов вечна, тука е за нас чесна. Перфектна. И на некоја ливада со изобилства на бои леле што убаво се стори.

На здравјееееее!!!

### III

Се спрема бура, пратете ја веднаш другата тура. Со бајонети или пушки ќе отсечеме крушки. Непријатели се наши, ќе пиеме од нивните чаши. Како што грми некаде во далечина, така ќе нападнеме на полна месечина. Нема да дочекаат мир, ќе се удават во вир. Ќе пекаат за воздух, за слобода, за добрина. Ама ние заедно ќе станеме и ќе маршираме. За наша татковина се работи, за наши луѓе. Ќе им прснат нивните срца, и ќе почнат да се ежат, пропаѓајќи во агонија, ех, што ни сторија. Еден по еден ќе паѓаат пред нас, час по час, тик- так, бууум! Без милост, со молскавични молњи, ќе ги бркаме како коњи. Крај на нивната искра, за тоа живеам и мечтаам. Нивната нација ќе пропадне и наместо светлина на утринското небо, крв ќе го облее, наше дело. Е тогаш ќе имам слободна воздишка, и ќе легнам да отспијам знаејќи дека работата е завршена, мисијата успешна, гадовите решени, црешите набрани. Отстрел во нивен череп, тутун берен, наша победа, нивна агонија. Робови наши, земете чаши! Да наздравиме над нивните тела, ох, овие се цврсти дела. Ќе ги бричиме на суво, среќни ли сте круноoooo! Ве повикувам на битка, не е некоја вода питка. Воздигнете се со мене и ќе направиме да изгубат сè што сакаат. Ко скитници по светот ќе акаат. Нивните деца ќе ги папа Баба Меца. Барут да полнам, па ќе ги гонам. Може да бегаат и да се кријат. Во подрум или тоалет, не е ова балет. Е, еве. Како што врне и грми, така бурата врви. Нè повикува во напад, може да почнеме од запад. Со неколку автомата, ќе им затропаме на нивната врата. Чук! Чук! Дојдовме, отворете! Бубамара ви донесе гости, примете не, ниту гризаме ниту пак јадеме, ладнокрвно ќе ве малтретираме. Почнуваат да бегаат и да се утешуваат, додека се разрешуваат, блика крв, бега и најголемиот црв. Ама каде ли ќе се крие, до каде ќе бега, кај нас на крај ќе слета. Можам да ги слушнам како врискаат. Некаде од далечината како ехо. Не, нееееее... ооооооо! Во пламен нивните куќи, распад, потонувајќи во темнина, каде е сега вашата светлина, ќе ги закопаме живи ајде сега најдете ги вашите вини. Последно нешто што ќе осетат при нивната последна воздишка, мирис на метал, оддишка и куршум во нивната ноздрва, не се грижи, најлошото доаѓа допрва. Ќе скапеш. Ќе ронат солзи, ќе се удават во сопствената крв, и ќе не видат како ние стоиме над нив. Со горда победа ќе се украсиме, ќе не зборат и говорат за јунаштвото наше.

Вечни владетели, ќе пиеме до раните утрински часови, ќе се веселиме и ќе играме, прсна нивното срце, нашето пропеја. Терор врз нив, слобода за нас. На здравје. Полно вино и гозба, сечете парче торта. **Кој кого убива, војна е... Кој ли добива?**

## IV

Бато, ми беше како тато. Малце може ве буни, не грижете ќе разберете, ќе ѕуни. Дали можете да слушнете како куршумите ехо прават? Некои храната не можат правилно да ја варат. Крвта на раце, на човек, војник борец, некогаш свирел мелодија на пијано, сега не е толку невин, стварно. Се уште го помнам тој ден. Сонцето беше изгреано, и со бато раскажувавме приказни, за подобри времиња, каде пушката и не ни беше баш најомилената играчка. А ете, сепак сега ја негуваме и по некој тагуваме. Затоа што кога ќе дојдеш и ќе ти удрат брич, не можеш да се познаеш ниту во огледало. Дали сум јас на таа рефлексија? Со ставање шлем и пушка, стравот ни станува друшка, смртта насекаде шушка. А зошто никој не прашува, некој не лаже, не заплашува. Ако го повлечеш чкрапалото се надеваш дека си сигурен, ама работите не можат да се вратат назад, па одново да се пазат. Сите правиме јуриииииш и во мензата пиеме до зори. Не научија како се мести кревет во 5 часот наутро. Никој не те прашува дали си заморен или ти треба време да се расониш...Ајде станувај! Да, Генерале! До местење и скандирање. Па марширање. Секогаш ми беше фасцинантно како одевме паралелно. Ќе им внесеме страв на непријателите. Луѓето ќе не поздравуваат, еве ги бранителите.

Земав кришка леб, кога го сретнав. Поздрав. Ми беше чест да марширам со него. Да пијам и да наздравувам, земи го ова пеглооооо... абе тргни се од овде чевлооооо! Имаше интересна смисла за хумор. За татковината прв во редовите беше. За татковината се разбира! Преку лево рамо пушка, со тутун во уста, низ шумата густа, со брк одевме напред во трк. Во борба за слобода. Учење како се управува тенк, користен низ цел век. Како напаѓачки кошаркарски бек. Од мемории за прва репетирана пушка, ветре кога првпат ме дувна, затоа што на бојно поле не се гледа каде и врз кого се гази, цвет на патот не се пази. Некогаш си земам и си разгледувам некое цвеќе, лале. Дали имате забележано, како ветрето нежно го дувка, се пуфка, се прашувам што мисли за сè ова, дали го боли што се уништува и го газиме без око да ни трепне, дали



**Карактер (Illustrator)**

има мајка по него да се сепне, дали чувствува болка кога некој ќе го скине за саканата, дали плаче по ливадата. Или и за него тоа е гордост, како нели да служи во војска. Како се чувствува кога пеперутка ќе му слета на површината. Му се восхитувам како не ја брка, не се буни, ни протестира. А пеперутката со крилата си лета, со изобилства на бои, планови ли крои, мудро ја избегнува битката. Се надевам некој куршум или шило и нема скинато крило. Нема паднато грубо во вирче.

Дали напоменав дека сакаше да свири. Беше уметник во душа. Мелодија што се слуша.

Беше сончев ден. Сакавме да одмориме. Се стемни. Јас требаше да чувам стража. Ама војнички менталитет, некогаш не е квалитет. Забележав нешто шушна во грмушката се мушна. Човек со шлем, но темно е, не можев да видам прст пред око. И ете пред мене, со огнено оружје, се приближуваше човек, стој или ќе пукам! Се насмеа и продолжи да се упатува кон мене. Стојјјјјјј!! Продолжи смеата. Последно предупредување. Стојјјјј или ќе пукааам! Аааааа... Бааам!

Помнам како да беше вчера, кога некој како да ме мавна со греда, крик и крв бликна по лисјата, сè бојадиса, како уметничка слика, проза или поезија, веќе немаше смеја ниту пак насмевка. Туку гримаса. Трупот падна на земја, дланката ми стана ладна, алелуја! И ете со куршум погоден, до крвно изобилство. Изусти. Бате зоштоооо?! Батееее?! Морници ме полазија, мирот ми го згазија. Како молња да помина низ мене. Бате? Не знаев дека си ти. Мислев... Рацете почнаа нервозно да ми се местат, гласните жици да ми се тресат. Бате, не бате! Еј, смири се, ми рече. А душава пече. Војник е занает опасен, кабает. Ќе викнам помош, бато! Што ќе му речам на тато? Не, не! Качи ме само на пијаното...

Ја отсвири нотата по нота, пеејќи погледна кон небото, и полета. Бато полета. Мелодијата сè уште свири, звукот во ноќите се шири, само треба да пробате да ја слушнете. Шшшшшт...

Сега свири на небото горе, не на гадното борбено поле. Компонира и сега, само треба да слушнете. Бато свири. Секоја нота, приказна. Може се има вклопено во оркестар. Свири бате, а ние ќе играме на твојот ритам. Од мене до тебе. Помнам последната солза како ти се слеа и капна на оружјето, може крвта се изми и се пронајде невиноста. Како миење на валкани раце, сега ти се чисти, бистри. Твојот такт, со мирот направи пакт, овој миг, ти симнувам капа, поздрав, брате, моја душа скапа!

Се уште ти ја слушам мелодијата! Кога свириш, ја разбирам суштината...

Кој ќе научи во тишината да слуша, ќе научи многу, ќе најде спас и за својата душа...

А и вие можете! Шшшшшт... само потрудете се.

# V

Шшшшт! Доаѓа.

Што е?

Зарем не слушаш? Нели го слушаш тој звук, стапалки.

Нема никој. Не се грижи. Што ќе се секираш кога ме имаш мене. Ајде одмори се малку. Многу си напнат. Ајде.

Како да не сум напнат? Кога седам и си ги размислувам воздишките, знаејќи дека во секој момент може чкрапалото да биде стиснато и метал да стави крај. Имам визии. Барут како се полни, не гони. Куршум се исфрла, право во нас со една цел, наша екстинкција. И како да спијам мирно. Како на времето сладок сон, сега пази да не дојде воен коњ.
Ако има нешто разбуди ме.
Знаеш, пред да почне ова. Беа помирни времиња. Имаше разбирање. Ќе се скаравме ама пак ќе се смиревме. Е во нашето време. Си игравме со топка, трчкавме низ дворот, како што лалилањата процветуваа и пеперутките летаа. Мирис на цреша или јагода. Е тоа беа времиња. Кога се собиравме на пролетен пикник, е фамилијарно. Како си снао? Охооо, од кога не сме се виделе. Како е стрико? Кога раскажувавме приказни за нашиот живот. Кога криенка не беше од куршум туку од другарче, се криевме позади некое дрвце. Сончев ден беше. Ветре дувкаше и се забавувавме. Со наздравување на чаша вино, славејќи. Тоа беа времиња на мир, сине. На спокој. Имаше и по некој проблем, не велам не. Ама ќе се најдеше спогодба. Ништо не правиме



**Илустрација**

ако сега војуваме или се бориме, треба да делиме. Ама човек греши знаеш, треба да му се прости. Не сме перфектни. Е ова време пред ти да се родиш. Тоа беа тие денови, каде луѓето заедно победуваа.

А зошто има борба?
Затоа што гоземаа нашиот дел. Тоа е наше. Си имаа нивно, немаа потреба да се



**Илустрација (Illustrator)**

мешаат во туѓи работи. Земјиштето ни го земаа, и останавме без ништо. Ниту храна ниту пак вода. Ама ќе видат. Ќе нападнеме како ураган, едвај чекам да ги видам нивните застрашени окорени очи од нашата освета. За нашите браќа. Ќе ги нападнеме како што глутница волци ловат срна. Ќе ги растргнеме на

парчиња. Едно по едно. И ќе ги нахраниме на волците. Сами се доведоа до ова.

А зошто не можеме да делиме?

Хах, да делиме. Се слушаш ли што зборувашш? Да делиме? Наше е тоа. Ќе го вратиме.

А зошто има потреба од ваше или наше. Зошто не можеме да делиме. Да нема мое или твое туку наше. Зарем не сме сите една човечка раса. Наша нација е над нивна нација. Ќе ги збришеме тие дамки од лицето на Земјата.

А што толку лошо ни направиле?

Ни земаа територија. Е тоа ни направија.

А што кажува дека е наша територија или нивна? Кој има кажано?

Ама што се замараш. Нема што да се распрашува многу. Само треба да знаеш дека ќе ги одереме.
Со години и години борба се води, со љубов не се збори. Ставаме граници и се оддалечуваме со ова е мое, иш, да те нема одовде, оди си на твоето.

Планетата е многу убава креација како и Универзумот. Јас не знам кој има речено дека се имаат поставено граници што определуваат ти кај ќе стапнеш, а каде ти не смееш? Генијалецот, суштеството Човек што има речено, тоа е друго. Се полнат пушки, се острат мечеви, се инвестира во оружја и ги гледаме и се воодушевуваме, леле како може да пукне, леле види го тој дострел. На кој живот следен ќе згасне.
Ха. Смешно и тажно. Тие се машинерија за водење војна, против кого??? Комшијата или комшиката? Братска крв да се пролее, живот сакате да згасне, зошто, за кои цели за кои идеали. Се карате како мали деца. Малтретирате и пустошите. За штооооо? Еј фамилијарни проблеми работава. Каде е смир смир, ако се скараме пак ќе се смириме. Јуриииииш. Ајдеееееее. Јурииииииииш. Зошто? Затоа што нивата ми ја зема? Замислете да ја делиме планетата. Да не бидеме алчни или пак себични. Мое! мое, мое! Пуста желба за територија, погледни го Универзумот. Се делиме со граници. Ова е наш народ, остај го тој народ. Чекај што? Наш народ, Ваш народ. Се извинувам, едно прашање. Од кај сте дојдени? Од Марс да не паднавте. Или некаде во подрачјата на Јупитер. Размислете. Наш народ. Ваш народ. Ејјјјј! Нашиот народ против вашиот народ. Ајдеее јуриииииш! Огнени оружја се полнат, по кој ќе колнат,

куршум срце бие, агонија не може да се скрие, шлем стави на глава, оди на греда права. Непријателот надоаѓа, пази се и наведни се, куршум ќе пролета, каде ли ќе долета, дали ќе биде во некој невин сограѓанин или соработник, насмевка така можно е да згасне, нервоза и фрустрација, желни за окупација. Ајде да се поизразам попрецизно. Нашиот народ го тепа нашиот народ, го угнетува нашиот народ, и го изневерува нашиот народ, и немилосрдно повторно нашиот народ, борба за веќе дадена наша територија, смислена нивна пропаганда, спремете јуриш против наш народ, ракети против наш народ ајдеееее тие се непријателот, нашиот народ, ајде, ајде, ајдеееее, пукајјјј, стрелааааај! Тие се непријателите, одиме против нашиот народ. Удри ги, затвори ги, непријателите, нашиот народ, фрли им нуклеарка на непријателите на нашиот народ, запали им ги селата на непријателите, на нашиот народ. Земи им ги децата за во војска треба да се борат, тие ќе бидат со чест следејќи идеали во канцеларија или во некој бункер на тројца. Претпоставувам со вратоврски и со пенкала се во рака, диригираат како тие мислат, така. Децата одат и се борат, чест е да се борат против непријателите, нашиот народ. Се учиме на бонтон. За семејство и како треба да се почитуваме, како толку брзо се занемеруваме. Како да ни влегува низ едно и да ни излегува низ друго уво. И повторно јуриииииииииииш! Заблудани во небитни работи, смислуваат планови и во саботи, што ли ќе се прави? Семејство од околу 7 милијарди. Убави и драги. Со понекогаш чудни правила и идеали. Ова е мое, не може да е твое, заборавме дека е НАШЕ. Почвата што ги дава овошките, храната и пијалокот. Луѓе. Човечка раса. Семејство. Политика ваква, политика таква, не ја сакам ако ги занемарува моите браќа и сестри. Без дискриминација кон тие на север, на запад, на исток или на југ. Еднаквост. Разбирање. Подај рака, не ја оттргнувај. Сите сме една преубава човечка раса. Да нема ваши или наши, туку сите ние, НАШИ. Да нема глад и болка, да нема покорување. Да ги тргнеме ѕидовите и циглите, барикадите што не делат. Песни да се пеат. Еден валцер, еден танц…

Не е важно дали е „Селам алејкум" или „Мир со тебе"! Не е важно дали се километри или јарди, јас најмногу си ја сакам нашата нација од 7 милијарди. За убав ден, те сакам, човекуууууу!

# ЖИВОТ
## ТРЕТ ДЕЛ

### I
### Забава

Го закопчав копчето, се погледнав во огледало уплашено, како некој лоша вест да ми има јавено, барајќи нешто ако треба да се среди, да не може никој да ми рече мали, седи. Наместив коса и прснав парфем, да не бидам пример за потсмев. Заврзав патика, ќе се трудам да не пијам вечер, само сок од калинка. Не сакам да ме прогласат за бебе од градинка. Најголема журка е во регион, не сакам да бидам само украсен лампион. А најлошо е под многу притисок да пукнам како балон, не можам некогаш да ги издржам коментарите па и да сум слон. Ме удира полека еуфорија и станувам енергичен. Немој вечер со сокчињата да си себичен. Ќе речат дечкото бил повлечен. Не ме фаќа место, вака не е често, прилично ретко. Сè уште сум фасциниран како некој како мене доби покана, јас сум еден од тие што стига најблиску до нешто вакво преку порака. Постирање на социјална мрежа, некој снимал, изобилство журкање, туркање, смешкање, вистинска врева. Такви како мене не се повикани, барем нема простор да се чувствуваме обрукани. Малце сме отуѓени. Одиме по прекар на бубалица, пазиме каде ставаме точка и запирка. Јас би седел и би слушал како некој од кул децата раскажува, прикажува. Леле, белким не ми смрди мојата чорапа, патентот дали ми е закопчан? Како поминува времето се преиспитувам самиот. За што ќе пијам и јадам, никој не може да ме натера да направам нешто што не сакам,



**Neon effect (Photoshop)**




**Постер (Illustrator)**

ќе се изјаснам и вратам, не сакам по токсикологии да патам, па комшии да ме зборат, неговите родители на мака сигурно се леле што ли со некој ваков ќе сторат. Не сакам со моите да се борам, тие ми мислат најдобро во животот. И кога глупости тропам. И да, поткашлувам и правам фаци, превртувам со очи, давам знаци за да видам кога ќе влезам како да се претставам со кул настапче, со некоја фора и финтиче. Придобијам. Дали братууу или баце, ќе каснам во кулски манир едно мевце. И морам да се однесувам машки, инаку нема да ме приметат женски, само ќе слушам пофалби за колку сум бил културен од тетки, со некои скапоцени обетки. Вечерва културата нема многу да ми помогне, само може да ми одмогне. Нормално, тоа не значи дека треба да бидам дифтар. Ама добар ден и убав ден нема да помогнат, подобро како си денес маче, сакаш да ме фатиш за раче. Не, не, многу лигаво на крајот. Мора да бидам сериозен, така ми кажаа кога прашав пред некое време, немој само да бдееш, почни нешто да сееш. Нормално не точно со тие зборови, ама ја разбираме поентата, не ја почитуваат многу добрината. Литературен говор не е многу прифатлив, затоа пошо, кај шо, зошо време е да стапат во употреба, за добри цели, не за злоупотреба. Вакви шанси не се добиваат често. Барем не за некои како мене. Ама осеќам као кул дружината да ме повикува, ми се обраќа да дојдам пошо, као изгледа ме сака, не им е онака. Не знам дали се разбираме ама морам да бидам као, нешо малце као луд и бесен. Малку сум уплашен. И ракава во џеб нема само да ја носам зошо е кул или зошо тоа машко треба да прави, веќе убаво набилдан од тие справи. Туку малце ми се тресе. Ама тоа е дека ова многу ми значи, као, зошо би било поинаку. Сине, немој да лудувате со другарчината, чувај те се. И дадов поглед и се насмеав како што би направил со некоја женска, дојди, дај ми една петкаааааа, ќе те частам, јас ќе платам мачеее сметкаааа, леле, на кој ли ваков се метнав. Таман да ја отворам врата да излезам со татко ми, се сретнувам, со неговите совети се просветлувам. Да не ти треба превоз? И јас му викам не баце, можам сам, лабаво. Аааааа нешо сууум научииил! Надвор нас не претставуваш, немој да не обрукаш. Излегувам од врата и се симнувам по скали, баце, нема веќе шали кога оп, ми текна, во

умот нешо ми светна, а за малку идејата ќе беше летната, отидена во заборав. Не се прснав со парфемот. Као малце чуден сум. Без парфем не правиме ништо. Сум слушнал дека женски сакале машки што мирисаат како милионери. ОК, ај да не должам многу. Не сум уште тргнат а станав досаден. Ај! Се истрчувам од зграда и влегувам во такси, ај може зошо сум кул вечерва некој ќе ме части. Знаете јас скроз во улога сум, време е да направам кабууум!!! Никогаш немам пробано рум, и кога ми даваше еднаш мојот кум. Ама вечерва не знам што ќе се случи. Како одам натаму малку се запотувам. Се средив добро, и кул изгледам, не бладам. Сеното јас баце почнувам да го сеамммм. И времето дојде, може ќе речете низ многу дечково или литаратурно кажано момчево пројде. Ама ај! Слушај, знај! Некогаш многу мислам, мислите ми прават да врискам. Се замарам со многу тематики и содржини, дали вечерва ќе ми стават круни, или некој зошо сум дошол ќе се буни, ништо така не ѕуни. А јас не сакам да останам запрепастен и да се чудам, па после од нервоза да се кубам. Не сакам да се посрамотам. Сакам да ме третираат како нешто, што нема да е само смешно. Затоа што да сте во моја кожа ќе се чувствувате осамено, украдено. А може кога ќе прозборите со мене ќе се насмеам и речам дека се е ок, дека не се двоумам за моето место пред да заспијам во кревет. Ама еве сега ќе одам помеѓу таа фраерска дружина на момци и девојки, со тутун лудувајќи, со алкохол зашеметувајќи. И ќе пробам да бидам дел и да се вклопам, нема само сок од портокал да локам. И се надевам дека нема премногу да се изгубам крај рефлектори што блескаат, многу луѓе возбудено што трепкаат. Адреналинот пука, срце забрзано чука. И во мојот обид да бидам прифатен и зазборуван може малку ќе се загубам, да не заборавам дека сум даруван и дека нешто или нешо вредам, и некому му значам и му требам. Зошо од самиот себе да бегам? Да го живееме нашиот потенцијал треба, ама ќе видиме каква ќе биде приказната од вечерва напишана со креда, може на крај ќе предизвика тага или смеја. Во животот викаат треба да се пробува, некогаш се губи па се добива. Ама дали може од сè да се извлече, да кренеш рачна и да ти се даде можност да се повлечеш. Шизик на ризик! Ама не сум јас тој заведувачки тип што намигнува на кого сака, сигурно тој не се двоуми пред да се обрати како мене вака. Ама не ми е мака што сум љубопитен. Само се плашам некој да не ми тресне врата, да ми скрши од глава чаша. А сакам да се журкам, во поле на можности да се нурнам, се надевам дека нема да бидам турнат, бутнат во ќоше, каде не е чисто, да се вклопам или да бидам исмеан не е сито. Шутнат на страна од толпата, што ужива во вотката, а мене ми расте болката, земете ја носилката, на времето ќе ме смиреше кога ќе се вознемирев дадилката, и ќе ми направеше чај од билката. Ама нели сум сега пораснат, маж треба да бидам, иако некогаш сакам да се свртам и да киднам. Јас сум баткото што по забавата чисти, стапнувајќи во остатоци со чизми. Што ноздрвата не му е обелена, некои ќе ми ја прогласат душата за осамена, распуштена. Јас

сум тоа другарче што го имате што ви помага да држите баланс кога ви се врти, а пак добивам мимика на некој што се мршти, се чувствувам како никогаш ништо не е доволно што ќе направам, изгледа треба ова мое однесување да се забрани, она другото да се унапреди, зошто кога цело друштво се собрани и се забавуваат, мојот збор како да го укинуваат. И да паднам со повреда, ќе ме прескокнуваат и поминуваат во своја голема победа. А кај женски ќе добијат овации, аплаузи. Зошо тоа да ти било машки, чудно ми е како на тоа се диви женско, а не на правење во нејзина чест снешко, како мал имав прекар на смешко. Само јас ќе се смејам, ама така на реалноста изгледа продолжувам да бдеам, нема никаква корист да пуштам сега солза да се слева, подобро измиј се убаво под чешма. Во оваа наша наречена чудесна Земја. Треба да бидеш тоа што си, ама тоа не е лесно секогаш, немојте толку да удирате молам, само понекогаш. Е немам ферари или некоја грандиозна кола. Ги немам тие 6 pack на телото, она што те рангира во општеството. Мажите се секогаш силни и храбри, и треба да стиснат заби, ајде немој да се лигавиш, малииии! Ама дали можеби се кријат тие мажи, облекуваат подебели пижами, за да покажат дека се перфектни, секогаш се смеат, ама во реалност всушност бдеат, никој не ги прашува дали солзи леат, ама да кажат, аууу никако не смеат. Подобро ќе киснат, ама нема шанси да писнат. А со ум треба да мислат, затоа што сите сме суштества кои треба да се сослушаат, поткрепат, пробување за разбирање. А јас еве сега стојам пред порти, уште малку може, ќе се сечат торти. А нема никој да се јави или пише до кај сум и дали сум жив, а јас морам да се запрашам за ова, ни должен, ни крив, потонувам во вир. Леле бе, пак многу мислам, дајте ми свирче да свирнам, ќе си ја спремам метлата за да чистам. Со сако како сум облечен и врвката е добро заврзана. Угледен сум и преставителен како што ми кажуваат од дома, лекции предавајќи во соба. Не сум баш во лоша мода. Среден, пицнат, избричен. Допирам квака и ја чувствувам лудоријата, фраерската најпозната, лабораторијата. И пак се мислам дали да отворам, шамар од некаде да не добијам. Ама маж сум не треба да се плашам, има да вратам, немој само да кукаш, ркни, покажи како знаеш сочно да плукаш. Почнува да роси надвор како што се мислам, а најдобро може ќе е да си киднам. Што барам јас тука, на никој не му значи дали јас сега ќе чукнам. А може овој пат ќе биде различно, после долг период се чувствувам надежно. А и се спремав долг период, ви раскажувам се отворам како на терапија, има прогрес во животот на дечково, потврдено со тапија. Па што и ако се напијам малкуповеќе вечерва. Секој малку треба да се опушти и одмори, не мора секогаш да прозбори. Може најдобро е да не размислувам многу и да се журкам. Вакви места се мистериозни, предвидливи па непредвидливи, убави па тажни, кај што одат бацињата во мало снажни. Различни дејствија, ракија со ѓезвиња. По неколку дрмнати околу тебе гледаш телиња. Голтаат и голтаат, некои во ќоше шмркаат, се знае кој е главен тука,

слабаците ги одбираат. Во купатило мастурбираат. Се сликаат, зад камера грубо се допираат, пипкаат. Знам, знам малцее лудило е работава, ама добро е искрено да дискутираме барем еднаш во горава. Е сега, веќе може почна да ми смрди од препотување мојава чорапа. Се спремам, посегнувам уште еднаш по кваката и дознавам дека е откажана забавата.

## II
## Топ фраериште

Ауууу бациња, кај сте мачиња! Стига моментот, го наполнив џебот со парица, ќе средиме и да има караница, која мајка ќе има чест да ме повикува со термин зетот, ќе возам вечерва кога ќе стигнам со летот. Абе толку сум згоден, кога поминувам се топи снегот. Со мене луѓе секогаш е поубав денот. Ама се гледам на огледало и си се фалам, вечер само нека посакаат и одма ќе им го дадам. Во мекичко ќе си го ставам, не сум типче што многу барам, сакам као да се шалам. Фраериште сум, секој би ме посакал за кум. Јас сум познат во маало, ме викаат кралууу, дојди да се журкаме вамууу! Ќе биде лудо ова вечерва, толку сум шармантен што ќе се напали и некоја теткица. Ако сака после смена, ќе направиме заедно зимница. Леле, леле, леле, ауууу! Можам да замислам. Алкохолче ваму таму, мачиња околу мене мјаукаат, сакаат да го ишмукаат... коктелот кој по мене го нарекоа, го пијат, па отекоа. Хехе, ова ти е живот, женски врти колку сакаш, мангупи може да ти се фатат, да се силат, да паднат и пак за да изгубат, па да се вратат. И си патат. Абе кој може со мене, ќе фаќам и ноќе и дење. А одамна не сум бил со некоја, една нејзините ја повлекоа, не и дозволија уште малку да ме чувствува, друг дечко сега сигурно ја откопчува, и ја допира. Ако бе, немојте да мислите дека се секирам, знам што сакам јас да бирам. Журчево ќе биде лудо, ќе се збори засекогаш, ако имаат проблем ќе ме викаат сите јас да ги излекувам, абе шо се секирате, јас знам каде и како да се одмесувам, гаќи не секаде соблекувам. Јас сум едно такво кул типче, мирен кроток, во моја чест треба да се изгради некој споменик или мост, сакам многу да јадам тост. Џентлмен сум невиден, родители, ќерката слободно можете да ми ја препуштите, ќе жртвувам мое ќебе, ќе се стуткаме. Јас сум фацата во маало и ме фалат кај и да одам, косам. Најскапи алишта носам. Никој не смее да му текне да се заебава со мене, ќе лета од прозор, кога не мислел што да каже, нема да лаже, си има време и простор, ќе им скршам носот. Ама стварно, многу убаво е да сум јас, ама не може секој, јас сум единствен ваков, потклекнува и најголем ропак во градов. Јазикот ми е многу еластичен ако тоа нешто ви значи, секоја уста ја лечи. Моите не се



**Фотоманипулација (Photoshop)**

главни дома, влијателен сум, кога од град ќе дојдам, како само се тресат, во собата се кријат, цимолкаат, се прават дека спијат. Во куќата јас сум главен, славен. Што ќе правиме со тебе извикуваат, абе стари, ни полиција ништо не може да ми прави, а демек нешто биле јаки, тргнете ги тие пиштоли, за мене се млаки. Ама сите се плашат, јас за доручек таквите ги јадам. За мене земаат други, јас ништо не морам да крадам, само да лежам и да си го чешам. Официјално сум незадоволителен кај моите, ако пробаат да ми застанат на патот ќе ги прегазат со колите. Мајка ми нешто се мисли многу паметна, пазена па мазена. Местото на жена е во кујна, да зготви нешто а татко да дава пари и да не прашува често. Со девојка што можеш да очекуваш повеќе, само да ти се наметнува па да ти се соблече, а се прават невини како кокиче. И после се жалат, а палат и се дерат за нивните права, демек имаат логика здрава, од сè прават фами, абе најубаво сите до една да останат сами. Сериозен сум, ова не е шега. Леле, дојди кај мене ти кукло, жена е за да биде тука со господарот, а тоа сум јас и моите бациња, да се напиеме вотка или ракија, вистински сум мераклија.



**Фотоманипулација(Photoshop)**

Нека ми љубоморат колку сакаат, тоа што го имам јас тие го немаат. Кукајте колку сакате, мачете се, пукнете. Ама јас пак сум топ фреариште во форма, спремен секогаш за борба. Дојдете со мене или бидете прегазени од мојата сенка, ќе ви направам дамка, ќе бидете задоволителни за правец во канта. Ама со оваа моќ и посебност, имам многу одговорности и тешки должности, ама затоа ми се пружаат многу



**Дигитални графити**

можности. Морам секогаш да сум преставителен кон мојава кауза, во некоја пауза да ги сослушам и бедниците, оние ниските, само бациињата можам да си ги наречам како блиски, си дрмнуваме по едно виски. Има некои што ме сакаат но и мразат, мечтаат да ме казнат, а пред мене се умилкуваат и ме лажат, а во животот ништо не градат, да не се сопнат од мене пазат. Абе подобро нека бегаат и лазат, затоа што немилосрдно ќе ги згазам, може нешто да им пропука, резултат непогоден за нив се добива. А ги жалам, ама нема што да ги мазам. Косичево го наместив, блузата во гаќи, може некој ќе ми спие на плеќи, па сум заслужил носејќи толку време тешки вреќи. Леле, немој само да се појават некои утки, кутри лузери, не знаат да отворат ни едни лименки и после се жалат зошто се отфрлени, ќе си играме криенки. Ќотек за такви. Подалеку да стоиш, ќе те заразат со ретардиран ген, тие не се нормални, со бациињата ги затвораме во ормари. И цимолат, абе треба да се заврзат и право во приколка, и тоа е малку за некоја таква шупелка, си играме кога стигнеме дрндупка. Не знам зошто мене некој не би ме сакал, не сум тоа типче што се тувка. Знам дека се љубоморни, ама само осмели се нешо лошо за мене, ај зборни! Ауууу, ќе те ставам на бесилка. Ама прво ќе те искосам со косилка. Спремен сум да одам, со мојов да ги водам. Приватниот возач ме чека ама не се брзам, врвка треба да врзам и како чорбаџија ќе си седнам, е само на ова, на татко ми сум се метнал. На влегување му влепувам една заушка на возачов, ајде мали фаќај се за воланот. Околу врат го заврзав ланецот, му кажав за After Party на клошаров да ми го среди чамецот. Може да треба да повозам некоја, во различни брзини да фаќаме кривини. Ќе и ги соблечам тие нејзини штикли, леле какви се мивки. Тие најмногу си ги сакам, уживаат да ги чачкам, на мојот чамец пред да ги качам. Се наместив и се средив. Земав тоа што е потребно, метални лисици, ќе играме со некоја извидници. Нема везе, јас сум тука да се журкам. Здраво, јас одам право, ме чекаат мене, не знаат што со себе. Клошар еден кој мисли дека е вреден, ми довикна стој, дали имам точен број, како вратите од овој комплекс биле затворени и културно замолени

јас и мојата маленкост веднаш да се мавнеме. Мислев се заебава со мене, ама нити вика ниту се смее. Чуден е малце, како да е од тие што молчи и трае, треба на тие да им се бае. Одам пред вратата и посегнувам по кваката, се надевам ривалите не ми направиле замка, и нема да оставиме вечерва на некокого дамка. Малион преска рече дека забавата била откажана, не може така да биде, кога е закажана. Ја отворив вратата, малиот со поглед го шибнав, на забавата киднав и лудоријата може да почне, јас сум топ... јас сум **ПОТОП**.

## III
## Биди свој

Дали сте седнале. И размислиле. Дали сте вие што треба да бидете. Или сте се промениле. Толку многу што не можете да се препознаете. Да се вратиме неколку години наназад. Земањето играчки и дружбата со другарчето. Па играњето жмурки. Број до десет немој да ѕиркаш. Барам. Те плукнав. Ааааа... ама стоеше до дрвото. Не може! Е, не играм! Сите брканици. Правењето Снешко. Или кога ќе се налутиме. Смир, смир, смир. Ако се скараме пак ќе се смириме. Еее... станувајќи херои, Бетмен Супермен, Спајдермен.

Прв училиштен ден. Здраво учителке! Ааа, наставничке! Учењето на буквите. Најголемите проблеми, најчесто тогаш ми ја зема играчката. Врати ја! Наставничке! Учителке! 3. одделение. Имам симпатија. 5. оделение. Го сакам! 8. одделение. Ја свиѓам брат! 9. одделение. Се слапав брат! Со јазик. Тоа е мување брат! Ооооо... полуматуранти! Сите гушки, насмевки, збогувања, славејќи го класот, училиштето. Прекрасните мигови.

1. година средно. Дај ми шишето и цигарата. Штоо? Зошто? Брат, сега сум средно. Женски како се фаќаат?! Тие сакаат фраеришта. Сакаш џоинт? Многу е чудно како луѓето можат да се сменат. Пред некој ден си бил, детенце што си игра, мило, и одеднаш... Тоа е тажно. Размислете сега во овој миг, дали ова што ви го кажувам ве потсетува на некого. Можеби и самите ќе се пронајдете. Спореди се сега и пред 10 години. Дали позитивни промени имаш направено или негативни. Не се менувам заради одреден тренд. Кул. Хахахаха! Смешно! Зошто пиеш многу? Сите така прават. Биди свој! Биди прекрасен, таков каков што си. Не се лажи самиот себе. Биди прекрасната креација што си. Со сите твои дарови. Ти си прекрасен. Мора да бидеш прекрасен! Биди истраен, трпелив. Не се откажувај! Верувај дека сѐ ќе биде во ред. Ти си ѕвезда, сјај, блескај. Со сите искри.



**Илустрација (Photoshop)**

Следен пат кога се менувате само да задоволите некого, кога пиете, се карате, тепате, сакате, помислете на ова. Ве молам, бидете тие што сте. Дали го правам ова затоа што јас сакам или да им се допаднам на другите? Не си прави сам штета и неправда кон тоа што си, биди свој. Прекрасен си. Биди на твој начин кул. Така ќе бидеш најкул. Знам дека имате соништа. Дајте им шанса. На вашите идеи. Има причина зошто ги имате. Не ги заборавајте, и не ги отфрлувајте. Некогаш е тешко да се задржиш до своите соништа. Но тие се тука. Некаде тлеат. Ти се насмевнуваат. Те чекаат. Немој да ги забаракадираш. Да им ја изгаснеш нивната светлина. Никој не знае за твоите чувства колку што ти си знаеш. Пробај ! И пробај пак и пак и пак... Колку пати и да паднеш. Да не успееш. Извлечи лекција. Истреси ги колениците и пак продолжи. Некогаш ќе треба да имаш одреден неуспех, тој е тука нешто да те научи да поттикне нешто во тебе. Знам. Боли. Како куршум те погодува. И сите монистри паѓаат. Наведни се и собери ги. Исправи се. Погледни. Повлечи воздух. Пробај повторно. И кога правиот момент ќе дојде. И ти ветувам ќе успееш. Ќе се насмевнеш и ќе разбереш. Некогаш и неочекувано. Имај верба! Имало зошто.

Љубовта секогаш победува. Не се грижи. Како што кажале. Сè во свое време.

Погледни се. Убав/а сум.

Има позната изрека. Ако паднеш, стани. Ако не можеш да станеш, ползи. Но, по секоја цена продолжи. Ајде! Чекор по чекор. Збор по збор. Бакнеж по бакнеж. Стих по стих. Следен пат кога ќе се погледнете во огледалото, застанете и сфатете каква прекрасна рефлексија сте. Зрачите! Се надевам ќе го увидите тоа. Затоа што јас го гледам. Во сите вас тука вечерва. Немојте стравот да ве држи да направите нешто што е добро. Погледнете го, застанете цврсто, и победете го. Полесно е да кажеш отколку тоа да го направиш, знам. Но, победете го! Има некои што не веруваат во вас, се обидуваат да го уништат вашиот сон. Да го растргнат. Да го преполоват. Да го скршат на најмали парчиња и да го снема. Нивните зборови се тешки како железо. Ти не можеш! Ти, хахахаха, си глуп, смотан! Покажи им зошто грешат и зошто можеш! Претвори го тоа во мотивација да станеш уште подобар. Верувам во вас. Сакам да верувате и да се сакате самите себе. Затоа што сте, убави, згодни, паметни, секој на свој начин. Согледајте го тоа. Ве сакам!

# ЉУБОВ
## ЧЕТВРТИ ДЕЛ

### I
### Љубов

Како ли само е чудно ова чувство? Кога се замислуваш во тоа свето утро, ама сепак со воздршка да не западнеш во некое дувло. Срцето ти бие побрзо и се фаќаш во насмевка на ликот, не се работи за тоа колку всушност имаш во пликот дали уживаш во мигот. Заборавaш работи поради таа мисла, чиста, бистра како китка. Прекрасна искра. Те зазема и почнува надежта, се надеваме дека нема да треба да се оправуваме од падежта. Иако нели учиме од грешки и се просветлуваме, опаметуваме. Ама, што всушност претставува грешката некогаш е релативно. Дискутабилно. Дали треба да се проба па ако се падне пак да се стане. Дали се плашиме од болка, нејќеме да тажиме под крошна. Солза некогаш пече и боли, што ли ќе се стори? Ако не пробаш никогаш нема да знаеш изустуваат, со знаење украсуваат. Просветлуваат.

Ама дали треба да пробам да кажам или да се мислам, сѐ додека не кивнам, надевајќи се во воздух да се вивнам, и да добијам одговор на мојата надеж. Надевајќи се да воздивнам и таа облеаност од среќа да ја почувствувам. Да го осетам воздухот и да се најдам покрај некоја ливада со изобилства од природна убавина. Сончеви зраци, облаци и сино ведро небо. Ноќта може да биде доста осетлива, не сакаме ништо да овенува, универзални разговори, преговори. Тајни кажани и доверени, небо блеска со ѕвезди кои сјаат и го испишуваат твоето име. Срцето сега побрзо ми бие. Снегулка невина си лета во зима, лето доаѓа и тој мирис на јагода или цреша, надевајќи се дека ако паднам ќе слетам на перница мека, и дека можеби некој ќе ме чека, со насмевка ќе ме поздрави, ќе наздравиме со камбани. И се мислам. Разговор со себе и небо, медитација и надеж, желба, да се биде во ред. Насмевка слатка, вистинска бајка. Тој поглед што ми открива тајни и убавина на Универзумот и колку и клише да звучи, да, понекогаш се губам, треба ли да се будам, да не е сон се прашувам, ама си молчам и ги слушам тие нејзини мисли и ставови, тој ангелски глас, леле, колку е убаво во тој час. И се возбудувам низ оваа експресија, некогаш ни зборови не се доволни да опишат, искажат, возвишат. Некогаш најмоќен е шепотот и има ехо низ векот. И си мислам, дали да кажам или да отпеам за таа љубов или симпатија. Таа има филозофски мисли. Светот го бистри. Зрачи и го осветлува патот, му става крај на мракот. Вистинска дама права, со поглед отвора брава. Порти на авантурата и приказната. Се преиспитувам што сум кажал и што сум прашал? Затоа што сериозна е работата дечки, не е само смешки. Секоја прегратка со неа е драгоцена, вистинска чудесија. И кога погледите ќе ни се сретнат, птички некаде ќе летнат, мелодии од врвни композитори низ времињата се компонираат, рози од пространствата се бираат. И да, можете да кажете дека сум заљубен, не би згрешиле. Низ оваа авантура и преку тоа вечно прашање на дали има хармонија помеѓу нашите чувства или е само една хипноза еднострана, илузија бучна. Е ете, претпоставувам следат



**Графити**

магичните зборови на искреност и интрига. Пеени, стихувани и римувани. Поеми и балади. Емоции преку волшебна слика. Низ уметноста во театарот таа блика, на медиум некој се вклучува и клика. Те сакам, има тежина и чувства како ретко друга. Возејќи се со воз, гледајќи низ прозорот на пруга. Нема како тебе друга! Кажувањето те сакам за некој може да биде затишје пред бура. Дали е формирање на пријателство или пружање рака, ајдеееее да славимееее браќаааа!!! Или пак е љубовна тематика, ја сакаме уметноста, мислиме дека преку тоа се открива вечноста. Ваква личност да се најде е реткост. Се мислам долго пред да пратам порака, гледајќи во гората. Небаре се спремам за студии и колоквиумот ме чека, љубовта пее одамна, низ сите века. Луда може да биде работава, луѓе. Да ја запознаете, може ќе разберете. Цреши за неа, на највисока гранка ќе се качите да берете. И со надеж заедно гледајќи во звездите, да се смеете. Знаменце сплотено да веете. Да се прошетате држејќи се за раце, па и да завеслате со кајче, да и купиш плишано мече, ех, дечки, божествена е оваа вечер. Нема песна доволна за да опише, писател да раскаже, актерка да одигра, филозоф да филозофира, режисер да режира, композитор со сите ансамбли да компонира, некој на дебата да дискутира, па некој со вратоврска и со изобилство на сертификати да проба да аргументира, еј, може да блирира, се обидува да ги проучи во шумата двата вира, па после оди да дрмне две-три пива. Ни експерти низ времето. Ни земјоделците негувајќи го семето. Ни преку калкулациите и сите записи на откритија. Секој што напишал со перце, секое врвно дело, душо, не е доволно. Да те опише тебе, и ова што го чувствувам во мене, некој може во фаца ќе сака да се смее, те сакам, леле! Сакам да дознаам




**Doodle art**

каков ти бил денот, дали си среќна и што ти поминува низ глава. Ах, каква е прекрасна твојата става. Ако имам проблем веднаш би се консултирал со тебе, ќе направиш срцево да вреска и да пее. Изгледа сум заљубен, леле! Таа е дефиниција за мудрост и убавина. И би заиграл валцер иако не сум ни приближно добар танчер. Ама нели, важно е учеството. Ми го разубавуваш денот со тоа што ќе го кажеш, или ако споделиш насмевка, каква ли животна награда, блескаш во сѐ што правиш. Волшебна си, законите на природата ги косиш, те молам не се размислувај многу дали ќе ти стои тоа што ќе го носиш. И без разлика дали чувствуваш исто, или можеби нешто слично, или пак воопшто ништо, чувствувам одговорност да кажам, нема зошто да лажам, ако треба ќе отпеам. Смислата на живот е љубов и со љубов го искажувам ова. Животот е предрагоцен да не ти кажам колку си прекрасна. Ти на многу фраери им го земаш здивот, веднаш кога ќе те видат им се менува ликот, заигруваат на битот. Дотрчуваат до тебе намигнувајќи затоа што тоа мислат дека пали, нема веќе шали, гледајте како настапува бато, седи малииии. Машки и храбро, јако. Ах, мако, температурата ми се крева, на оваа врева. Многу ми се интересни, станануваат бесни. Може ќе добијат некоја петка и ќе се фалат на некоја тетка. Скандирање од другари во маало, бравооо лавуууу! Цареееe, ооо... братуууу ќе му речат. Воу, ќе се дерат. Ама изгледа заборавaат на твојата уникатност и волшебност, се однесуваат како под хипноза, можеби ќе излезат од таа стереотипна општествена дијагноза. Тоа е главната фора во маало. Со сериозни фаци и заведувачки однос, самоуверени, набилдани од тие справи. ќе ми кажат што чекаш ајдеее бацееее што не цепаш? Ох, тој вокабулар, мače, срце, срценце, маченце, облаче, пердувче. Може не сум баш на таа фреквенција, како да фаќам некоја друга конекција обидувајќи се да го опишам она што ја прави поубава мојата егзистенција. Може веќе си запознаена, од различни извори или пак не, но, еве сега ти кажувам лично, да бидеме на чисто. И може ќе дојде миг да заиграме заедно на музиката, нека засвират и со хармониката, може во рамка ќе си ја гледаме сликата, позирајќи небаре модели, смели, нема ништо што ги дели, воодушевувајќи се на мислата и зборувајќи за уметнички дела, пробувајќи каша врела. Би седеле на клупа под некоја бука, во близина на некоја куќа, дебатирајќи за смислата на животот, каков ли е прекрасен мигот и како некогаш може да грми и да има бура во вирот. Некогаш доволен е и поглед, сепак сѐ е кажано и разјаснето, за вистинска љубов не е потребен двоглед. Може нешто ќе те изнервира, кој ли сега насилно цреши од дрво граба, неферски ли нешто бара, ќе треба ли некој да се кара. Некој грубо да не мава? Преку збор, упатена остра стрела, монистри да скине, сплетеното да го смеле, можеби некој се дере, некогаш станува многу гласно, леле. И кога си изнервирана, ќе се обидам да ти дадам совет, само да не заборавиме дека не сум совршен човек. Ама правдата секогаш победува, темнината згаснува, светлината преовладува. И сјае и сјае, ти дава сила. Како некоја вила, за мене



**Doodle art**

утеха си била. Ќе си помагаме еден со друг. И ако сакаш ќе одиме на пикник, шетајќи ги шумските патеки, наоѓајќи чудни кратенки, чувствувајќи ја природата, убавината, наоѓајќи нешто кротко во дивината.

Сѐ е супер додека се имаме двајцата во близината, ќе си подадеме рака, само така, нема да паднеме во кривината. И ќе кажеш нешто, одекнува вечно, може да е смешно. Романтика ваму таму, пред овие матури, користејќи метафори и компарации, обидувајќи се да измислам нови стилски фигури, да ти кажам во фаца, ти си мојата Раца, дали би ми подала дланка? Во овие игри смели, да ѝ конкурирам на Мугри Бели. Прегратка, хармонија, приказнологија. И би ти пеел серенади, од мислители цитати, поезија и проза, убава е таа доба, вистинска мода. И имај прекрасен ден, како убаво паѓање на снег, или завеслување со брод од брег. И те мислам. Киснам. Коцки правилно пробувам да бирам.

Што ли да чинам? На кое патешествие ли треба да минам. Само една секунда да се смирам. Што и да се случи, среќен сум што пробав да кажам, на емоциите време да им дадам, лошо е да ги крадам, и да лажам, кога вистината сакам да ја пласирам како драмски текст, како играње на кошаркарски бек, и има ехо во Универзумот, некаде крај Млечниот Пат, се складира на кат, за мемории и чуда, каде слободно лета мува. Поминува од падина до падина, преубава градина, некој рид дофаќајќи ги облаците. Нека биде што ќе биде, а ти продолжи да блескаш, кон нови победи да веслаш, за тебе се говори и еве се пишува, восхитува. Ти праќам срдечен поздрав. Од момчето што му е чест да те познава, на совршенството алудира, за прекрасната личност што си, аплаудира.

## II
## Срцебиење

И ете. Моето срце скршено на пола. Се надевав на солзи радосници, на среќа и љубов ама изгледа јас не сум наменет тоа да го имам во животот. Само сакав топла прегратка, валцер под ѕвезденото небо, опколен со светлина, но добив темнина. Јас навистина ја сакав. И се уште ја сакам. Цвет мој недостижен што не е наменет јас да го имам. Мојата душа исполнета со тага и копнеж кон неа, но, таа ме забоде во мојата душа како никој друг. Јас изгледа не заслужувам среќа. Колку и да се трудам, никако да успеам. Не можам да ја издржам болката веќе, стравот и омраза ме обзема. Јас сум бескорисен штом никој не ме сака. Сакам само љубов. Многу ли е тоа??? Што треба да направам? И еве, сега остана да ги собирам парчињата распрскани насекаде. Моето срце никогаш нема да биде цело. Ја чувствувам тежината. Пламен има одвнатре. Јас ти го подарив, ти ми го украде.

Дали срцето кога боли збори? Дали времето го брои? Или пак шепка во тишината плашејќи се да не го слушнат неговото копнеење. Во темна просторија, мрак обвива, каде е светлината да покрива? Блика и се крие, со салфетки се брише, не е клише. Срцебиење 1, 2, 3, што ми стори ти? Солза ми се слева, живот за мене нема. Липа и плаче, како некое осамено кајче, со звуците на брановите, го носат до подобри зори, кој ќе го крои. Бројаници да брои. Љубовта е убава работа велат, зошто сакаат да ја смелат? Да ја изгорат и затемнат... во мрак да ја сокријат, да ја спречат да лета, да не ја остават да цвета. Прободена небаре со сабја, светилката сè уште е важна, иако по малку тажна. И плови и плови... Чудо ќе му се стори. Може ќе дојде до некој поубав остров или залив, светилката ќе продолжи да ѕуни и жари. Каде го облеваат прегратки и топла нега, е тоа е таа шема. Шема на насмевка и мелодија, леле, луѓе каков живот ли створија. И може еден ден ќе блика и се надевам дека ќе продолжи да жари, нема муниција да го ќари. Туку едно слатко скокоткање, шеговито разонодување. Топол бакнеж. Не е веќе копнеж. Ајде може еден ден ќе биде, нема да треба да се крие.

## III
## Писмо од еден заљубен

Како ли само се чудам, да не треба да се будам. Леле, што ми се случува, што ли збиднува? Насмевка те краси, секој што ќе те запознае од овие

широки народни маси, никогаш не би имал маки. Леле луѓе, работава може да биде луда, нема да можам да заспијам до мугра. Ставаш крај на секоја бура. Изигрувам некој романтичар, ми фали една ружа, дечки таа е ангелска душа. Во обидот мој да разгласам за ова универзално чувство, фаќам фрекфенција, моќна конекција пробувајќи да го опишам она што ја прави поубава мојата егзистенција.

Ти си дефиниција за мудрост и убавина. И би заиграл валцер иако не сум ни приближно добар танчер. Човече ти си нешто посебно, ме правиш да се чувствувам надежно.

Низ мелодија пееме, се смееме.

Мислам дека ова е тоа чувствооо љуубооов!!!

Некои ќе речат лудост. Дали се имаш приметено како светиш, во сиот сјај лебдиш. Ми креваш емоции до даска, не можам да се смирам па и да ме маваш со праска, за тебе ќе се напијам дупла чашка. Колку си секси да ти кажам право, некогаш ме возбудуваш и со само едно здраво. И многу си слатка убава и драга, за тебе би трчал дури до Прага. И на многу машки им го земаш здивот, веднаш им се менува ликот, заигруваат на битот. Без разлика на да или не, ми значиш се. Убава и мила, злато си ти, ги правиш поубави моите сни.

Во свет на суштества патувајќи на Земјата со соништа, цели и идеали, еленот го бара патот за да се искаже пред дарот.

И како цвет расцутен крај врба, во шумата ти си најубава Срна.

Од верниот другар




**Грб на Алгоритам**

## IV

## Тие се двајца

Тие се двајца, родени лични од мајка, живеат вистинска бајка. Партнери во добро и во зло, другаруваат бесконечно. Тие двајца се посебни дијаманти, насмевка си споделуваат, сè си доверуваат. Уште од многу одамна сретнати, на некои ангели се метнати. Тој и таа, чудесна креација, не им требало да ги спои интернет апликација. Тие двајца принц и принцеза, судени еден за друг, нема никаква дилема, оваа е божествена шема, возбудлива тема која буди насмевки и треперење на срце, како цутење на младо дрвце. Тие двајца се знаат веќе подолго време, си се негуваат и ноќе и дење. Стануваат и легнуваат во топла постела, на мека перница. Нив секогаш ги осветлува ѕвездата Деница. Таа со книгата во рака, тој со новината што ја сака, осознавајќи за новостите во светот, двајцата коментираат задлабочени преку шепот. На почетокот не беа во исти крај но, тој на една страна а таа на друга, се сретнаа покрај една пруга. Во некоја посебна мугра. Чекајќи го возот да дојде за превоз, погледите им се сретнаа, небаре загледани во водата од брегот или како снегулките кои се губат во снегот. Се просветлија и нивните души, заиграа, обврските на работа за миг им киднаа и ги снема како неважечки фактор, прегазени од трактор. Тој и пријде како џентлмен и нималку изгубен, во негов стил проба со неа да проговори, може еден ден ќе потпишат заедно договори. Подаде рака со војнички став и искрена насмевка надевајќи се дека ќе биде возвратена, во Универзумот пласирана и испратена. И така појде со неа до нејзината станица... а денес во слога си појадуваат секое утро гибаница. Сè уште помни како сакаше да го добие нејзиниот број, со времете невиден бој, како да го скрши молкот, да не заврши сè со нејзиното симнување од возот допивајќи го набрзина сокот. И двајцата уморни од работа, може ќе направат некој план за сабота. Да шетнат надвор од град, да се прошетаат на некоја планина, мирен кат, да не дишат константно чад. Тој беше војник,



**Doodle art**




**Банер за Facebook
(Photoshop)**

принципиелен и достоинствен, марширање и станување рано, склекови и стомачни до доцна, таа во канцеларија, во банка, фаќа бројки и цифри во мамка, дилеми и потписи на хартија, денес на трпеза вртат карти партија. Уште од првото нивно среќавање магија се случила, да види што е со заинтересираниот одлучила. Тие двајца се посебни, многу мили и драги. Како се нашле двајцата баш тогаш низ таа перипетија на настани, милите тие сакани. И тие двајца почнале да си прикажуваат, објаснуваат, за цели и идеали и соништа, за светот и работата, моќта на молбата, каде живеат и како им е декорирана собата. Им тргнал разговорот и ова дружење на многу верни пријатели, полека си станувале помагатели. Тие двајца низ смеја, како утринска гимнастика, барале срце вистинско а не од пластика. И за сите мали ситници, корегираа, брзо се разбираа . Си се дружеа како „пријатели“, погледите им станаа стројници, правописот се смеша и стави наводници. Се гледаа во слободно време, пропејаа како е поубав мигот кога се заедно, ја украсија вечноста со „те сакам“, го врзаа кончети и со бакнеж го поздравија зајдисонцето. Нивната дружба стана поцврста и помоќна во времето. Го посадија со љубов семето. Продолжија да другаруваат, созреваат и учејќи еден од друг да си се поклонуваат. Своите интереси си ги проучија, порти на можности се отклучија. Си другаруваа и прикажуваа, се образуваа. Затоа што насмевката вистинска не лаже, особено љубов кога сака некој да даде. Наздравуваат за приказни во животот и со срдечни поздрави се пречекуваат, сјаат и се разликуваат во толпа луѓе што минуваат, заминуваат. Се привлекуваат еден кон друг, заедно прават круг. Од едно излегување, произлегло збиднување, осмислување на план и идеал, можеби еден ден ќе ја имам честа да танцуваме двајца на бал. Затоа што ти си најслаткиот дар, подај ми рака бар и препушти се на хармонија. Заборави на светот, на нивната иронија. Еее, тие двајца. Посебни суштества што ја красат планетата Земја и танцуваат на песна. Интелектуалци со совети и искуства да пренесат и да кажат, желни за победа и убава мисла, кога тогаш, порано или подоцна договор бидна. Заедништво на хартија, подадена рака за другарство и во добро и во лошо. Потврда, држејќи се заедно во прегратка, со

насмевка легнувајќи си на перница, сечејќи заедно лубеница, со топ фризура излегувајќи од берберница. Тие двајца се погледнаа и си се доверија еден со друг, ако се скараме брзо да се смириме, да не станува никој од нас крут, да се вардиме и пазиме и на овој дар во животот заедно да се препуштиме лебдејќи низ миговите во мугрите, да не се дефинираме по тоа што мислат другите и да си веруваме. Спојка на искрите бидна, некој кивна, аргументирајќи дека е вистина, каква убава бистрина. Прашањето јасно пласирано, дали се прифаќа ова стапување на вечно другарство, низ војска или банкарство, трпение како рибарот следејќи го мамецот, иако цел ден можеби не фатил ништо од чамецот. Верба и љубов. Тие двајца сигурни и решителни го очекуваа прашањето во секој момент да се праша, и со ист тон космички бонтон одговорија гласно и јасно, да! Ете приказна една, тие двајца станаа маж и жена. Се вселија заедно и почнаа уште повеќе да се проучуваат. Семејните лекции да ги доучуваат. Мала караница ваму таму, женоо донеси ова, е не може мажуу! Иако некогаш ќе се појави недоразбирање, погрешни одлуки при можности на бирање. Ама се разбираат целосно и тука се еден за друг, надевајќи се на фамилија со дечиња, слатки мечиња. На планот му земаа мерка. Од плодот на нивната љубов се родија син и ќерка. Каква животна награда, без никакви каења, пренесување знаења за она што не било јасно и ставено под прашалник во заграда. Никој веќе не прашува кога, со нега и грижа сите четворица живееја во мир и слога. Растејќи ги децата и посочувајќи им го правиот пат, на лошите работи им дадоа шахмат, нема поголем ќар, тие на родителите им се најголемиот дар. Не зборувај со непознати, тие лекции на сите ни се познати. Облечи се пред да излезеш да не ти студи, немој после ако ти тече носот да се чудиш. Испраќање во школо, мафтајќи од прозор, играјќи криенка во дворот, одврзувајќи го од патиката чворот.

Но времето полека си минуваше, приказната ја допишуваше, нивните син и ќерка, пораснати веќе по мерка, влегоа и тие во кругот и си пронајдоа љубов. И тие двајца имаа деца. Добија внучиња, како мали бувчиња. Радост на цела фамилија, на здравје, да бидеме сите живи и здрави, драги. Изобилство од јадење, мекици, помагање за



**Скица за графит**

школо низ тие учебници, учејќи лекции. Тие двајца шетаат и пејат. Ѕидовите се смејат. Готват по дома и инспирираат. Сегде присутни а не доминираат. Поминати низ многу приказни на среќа, спомени цела вреќа и валцери на поткрепа во добро и во лошо. Тоа е вистинска љубов. Тие имаат нешто за кое се сонува, мечтае и пее. Цело е кога се е. Насмевка вистинска, бакнеж сладок како од јагода свежа, како шарен букет во украсна мрежа. Од тие двајца и нивната дружба може секој нешто да научи. За почитта и довербата мудрост да заклучи. За кажување па сослушување. Дебатирање па молчење. Преговарања и аргументирања. И смешно е кога таа ќе се изнервира кога тој пие ракија повеќе отколку што таа замислила дека треба да конзумира. И двајцата ангажирани дејствуваат насекаде. Во многу области се експерти, веднаш ти даваат одговор на прашањето поставено, значи така тоа било направено. Таа ми се чини дека ги има прочитано сите списанија и магазини, енциклопедиско знаење, како убаво ткаење. За здрава исхрана е прва, тој за огништето спрема дрва. Ни посочува што имала дознато, досега непознато, за витамините на некоја билка милна, таа жена е силна. Тој исто така и е најголем конкурент. Таа ќе се согласи со тоа и во документ. Дали на прашање во весник за историски настан или новости на медиум, прв е да каже став и да аргументира, правдина внуче секогаш да бираш.

Желен за работа, вистински војник. Чест ми е да ме подучува. Нови перспективи добивам. За неговата приказна на времето во војска, прави склекови пред да станеш коска. Првпат доаѓајќи во контакт со телевизор, запрепастени сите дечки како некој да ги има удрено со ретровизор. Марширање и сериозно поздравување, дисциплина, не било секогаш убава милина, кога ми раскажува добивам уште поголема близина. Ново откривање, сочуствување и разбирање. Зошто некогаш тешко паѓа на душа, грубо паѓање од круша. За случувањата низ светот, пред викендица чистејќи го снегот. Каква чест ми претставува, опиен од таа шара, до него да застанам, на терасичето на планина, кога гордо прави скара. И кога ќе ми даде да пробам од храната, да утврдиме дали е готова или уште треба да се жари, таа спрема кари. Тој коприва зема со гола рака, јас се чудам како не му пецка рака. Таа вари чајче и весело си пиеме а потоа ние внучињата криенка си играме. Тој трчаше по дворот за да ме научи како да одржам баланс, сега благодарение на него можам да возам велосипед сам и со секое завртување праќам благодарност за ова дејствување. За тоа вложување и трчање низ патот и дворот за да не паднам во долот. Ме научи како да возам и помнам кога се возевме на синиот мотор. Му требаше време пред да запали, ќе не изнервираше но не попуштавме и по некоја пцовка ќе испуштевме. Ама сепак, си се возевме на Југококта, откривавме нови патеки тесни, си пеевме наши песни, во шума често не прашуваше колку дрва има, онака да погодиме па да изброиме. Или пак, кога доаѓа есен, ти се јавуваше

мисла како ли ќе изброиме колку има постелено од дрвјата лисја. Носејќи ме на рамо, шетајќи ме сегде, негувајќи ме исполнет со грижа, се чувствувам безбедно во твоја прегратка силна, како скапоцена слика, срце преполно ми блика.

И многу си преставителен во шахот, за час ме матираш означувајќи го крајот. Сега знам да играм поради тебе, и во следна прилика нема да бидам бебе, ќе пробам да покажам што ме научил менторот, Ректорот. За да заспиеш број од 1 до 100 и потоа назад, ако не успее дуплирај па ресетирај. Чита Нова Македонија, во зима не влече со санка по нагорнина. Навечер во викендица не покрива со постелнина, дрва наложува, во мирен сон се обложува. Тој е принцот војник, личен стројник. Таа е принцеза дама, не сака да биде сама. Инсистира да јадеме повеќе, сркај од супата човече! Скокоткање и играње со перници, со поглед давање смерници. Заедно со принцот правејќи зимници. Таа е свечена, краси на патот и си го кажува секогаш ставот, не дозволува нејзиното мислење да биде потиснато од стравот. Чита и се впушта во приказни на херои, зрнцата од оризот внимателно ги брои. Ужива во нешто со интересна содржина, романтика или нешто авантуристичко, не сака ништо популистичко. Се соживува со ликови од серии, ја понесуваат емоции. Посакува сѐ да биде во најдобар ред. Во чајот ни става мед. Се грижи за драгите најмногу, двоумејќи се да дали сѐ прави правилно. Пречекува гости најсвечено и сака да ги угости. Во желбата убаво да биде некогаш се губи ама важно задоволува други, а таа подоцна ќе се одмори, па како се чувствувала ќе прозбори. Тие двајца се вистински херои, не дека се мои. Јас сум нивното чедо, имам чест да ги наречам Баба и Дедо. За нашата приказна се радувам и наздравувам. Врските имаат различно времетраење. Космичка служба, чудесна сплетка. Дедо и Баба одбележаа 50-годишнина во заедничка дружба, разбирање, љубов и прегратка. Тие се пример за сите, како се сака и љуби, да не се откажуваме и кога нешто се губи. Вие сте вистински пример и за мене, пишувам во овој час и пејам. Мислејќи на вас, спокојно се смејам. Вие двајца, родени 1943 год. и 1946 год, лични од мајка и татко, како преубаво слатко, ја живеете смислата на животот, а јас се радувам за вашата вистинска љубов. За денешното време лудо тоа е вистинско чудо.

Желба имам сите да најдеме таква љубов, во моја врска ќе се поистоветувам со вашата.
Во топол дом добиваат прегрнати убав сон.
За тие двајца, За Баба и Дедо, За Дедо и Баба. Каква глетка, чиста петка.

Вашето внуче,

Никола

# СОНУВАЊА
## ПЕТТИ ДЕЛ

### I
### Да сме заедно довека

Трпезата е поставена, спремна сите да не собере, покани испратени, верни пријатели повикани, пред да заврне сите се сликани, место за засолнување обезбедено, сите ќе бидат стиснати иако веќе некои се накиснати. Столчињата наместени, со благодет поткрепени, налепници за добредојде залепени. Прашина сметена, добра забава ветена, чаршав со цвеќиња постелена. Позитивен дух, сите имаат слух и да нема за некого место за седење ќе може да седне во скут. Никој тука не е крут. Последни подготовки, од идеи до дебати, па спогодби. Прилози на јадења, од меса до чорба варена, или пак леќа и тарана надевајќи се дека нема да не шокира после вагата, затоа што многу сме јаделе од тавата. Сркајќи од манџата се надеваме дека нема да не фати на дебелината канџата. Светлина продира, посебна убавина се добива, нова перспектива на живот ми се открива, братучет ми пак ќе треба да му бегам за да не ме скокотка. Насмевка при целата таа организација, во исчекување на кулминација, возбуда да се видиш со блиските, да ги зајакнеш врските, кога трекнав да купам од продавница, во целата таа брканица, дотеран, но за жал, стапнав со чизмите во кал. Сокови и пијалоци, да има и ако намине и некој друг од соседните замоци. Колку ли се само убави овие мигови, дар за сите, ќе го памтиме во дните. Сите сме со обврски и работа на различни полиња, ама за да не се чувствуваме бедно, знаеме што е вредно, дека од време на време треба да свратиме, во домот да се вратиме, во името на слога да наздравиме. Некогаш е тешко, не можеме да се договориме, на раат да проговориме,




**Дизајн на перница (Photoshop)**




**Дизајн на маичка**
**(Photoshop)**

знаеме дека тоа е грешно, па станува нервозно, дури и смешно. Како детска шега, од вистинска идеја не се бега, на сите ни треба дечки љубов и нега. Затоа праќаме покана сегаааа! До татковци и мајки, дедовци и баби, вујковци и вујни, стрини, чичковци, леле, раштркани на сите страни, колку е убаво кога сме заедно, сите збрани. Се надевам дека сите се супер, некои од нив одамна си заминаа со куфер, во земји други, преку далечни пруги, корен оставија но не нѐ заборавија, за студирање живеат со цимер, за среќа, имаат интернет и рутер ама насабајле пред работа сѐ уште мачкаат домашен путер. Едни на една страна други веслаат крај некоја брана, или на некоја нива и поле, во потрага по ресурси, за поубави мугри. Сите распостранети насекаде, во подвизи секогаш, заморно станува понекогаш. Кога се мора се мора, тоа е тоа, без тешка ситуација некогаш нема уживанција. Ама на крај со љубов сѐ се средува, сплотеноста победува, на право место си се сместува, животот протекува, раната се излекува. Сепак, иако оддалечени, света жичка не поврзува, крвта не обврзува, билка никнува, чудесија збиднува, душевен мир владее, за секоја воздишка има раменце, тагата ќе вее бело знаменце. И ако некогаш сме се скарале, долго да не се лутиме, не треба да се крутиме, со разговор како луѓе што се вели да се разбереме, како цреши на дрвото заедно што некогаш беревме.

Еден ја држеше скалата, месото го подаде, втор посегна да дофати со раката, друг ја запали скарата. Ние сме тим, уништуваме секаков дим. И ова заедништво што го имаме треба да го прославуваме а не да се запоставуваме, оддалечуваме. Избегнуваме. И полека времето доаѓа, чекај уште еднаш да проверам дали убаво ја средив собата. Книгите наместени, чашите измиени, чинии суредени, светнати. Гугутки летаат низ дворот, испрскав со цревото кај борот, животот е прекрасен, најубав, единствен, со трпение ќе му најдеш решение да го одврзеш чворот, колку ли е само моќен зборот. Дел од нив ни дојавија дека се тргнати, се погледнав да видам тренерките да не ми се смкнати. Кој со кола, авион, или воз, време е за топол пречек, замесена е пита, рецепт за нешто ново да се зготви се чита, има по нешто за сите, не се секирајте, не се срамете да земете, чашки кренете. Светлина продира, остатоци од сецканици се собира. Алкохол има, само немој да претераме, па иако сме молчеливи,



**Watercolor effect (Photoshop)**

некој за спомен нека слика, некој од среќа вика, премногу наздравува, му се чини како во океан да плива, легнат под сенката од прадедо слива, под чудно дејство правата чаша му се присторува дека е крива, таа фора не ја бива. Застанувам на балконот и погледнувам, леле што здогледувам. Кола свирка и се одзива еден член, се поврзуваме со еден дел, дали бил некаде во странствување отиден, ширум порти се отворени, домче меѓу најблиските каде секогаш си добредојден. Сите по ред доаѓаат, солзи радосници се слеваат, на среќата долеваат, секакви негативни работи ги снемува, прегратката оплеменува, од далечен пат морале двајцата да возат на смени, да нема дилеми, иако силни сепак од челик не се изградени но гени имаат вградени, да издржат во сиот лом, да си дојдат во својот дом. Дел доаѓаат од соседство, дел од различни на светот места, сега ја имаме честа, од различни околности, сите да носиме новости. Вести, ама не на политичка база, туку колку треба печурки да се прават во тава, или како правилно се мие рака под чешма, баланс од ладна и врела, како се вади мед од пчела, колку е опасна некоја змија, како се сече грмушка со пила, на кој начин се сместува во плакар свила, подарувајќи цвеќе на некоја мила. Ракувања и прегратки, насмевки, ишарети. Колку сме возбудени да си поприкажеме. Што ни се случило во последноно време, играјќи со коцки низ можности, изобилство на сомнежи и доблести. Качувања па потреси. Усти зборлести, мозоци превозвишени, иако не треба на тој начин да бидеш овластен, биди доблесен, со повреда некој здобиен, душичка пробиен, сега покрај свои, ослободен. Лажни ветувања и убедувања, вечни објаснувања, договори потпишани па одобрувања. Унапредени во работа, крунисувања. Лицемерие, паѓање па оживување. Лигавење па изневерување. Многу работи треба да се кажат, наши сме, можеме да си се отвориме едни со други, кај секој ќе има по нешто што ќе не чуди. Ќе ни биде

чест да сослушаме, да се пошегуваме, фамилијарно негуваме, да затвораме врата да нема промаја при излегување. Сите дојдени, насмевнати, спремни на луди авантури, патешествија, бури. Здобиени со лекции, како за имунитет инјекции, за да нема пречки се појавуваат волшебни честички. Прашањето гласи за сите доколку се спремни, наши драги, со ваш интерес да се искачиме горе во собата, да ја оставиме пред врата модата, да седнеме и убаво да се видиме. Скала по скала, некој ќе каже по некоја шала, ќе се насмееме и ќе воздивнеме, леле жедни сме, нешто да пивнеме. Седишта се помрднуваат, обувки се собуваат, дел топлинки пробуваат. Емоции на позната миризба, на убавина и добрина, спомени и ведрина. Сите седнати, наместени и дружбата почнува, неизвесност никнува. Заедништвото проникнува. Сите споделуваме дешавки, за детски лудории, секакви стории, едни за херои со наметки, други за лошковци што им треба воспитна во градинки, сите го посакуваат тоа, да се вратат и присетат на времето со невиност кој се и што се, да не им тежи бремето. Продолжуваме за сегашност, иднина и минато, дебати да не живееме во нешто заминато, ниту пак многу размислување за тоа во иднина, без никаква туѓа идеологија, да живееме во сегашната приказнологија. Па некој запејува песна, дебата за достоинство и правата на таа што се смета за лесна, некоја финтица смешна. Низ светот некое случување, многу важно одлучување, на некој драг од овој свет заминување, на бинго добивање, трпение и не лутење при некогашно губење. Колку е здраво да се конзумира сол, леб, со компири или не, што кажале експерти со сите калкулации и мерки, направени зделки, за салата од зелки, часовникот отчукува волшебно со стрелки, одбележувајќи љубов и славје, живели, на здравје! И од време на време сите се затишуваме, филозофски се погледнуваме, и така си прикажуваме. Се сакаме и за ништо не би се менувале, извинете ако сме се скарале и многу мудрувале. Мило ми е што си другаруваме. И кога не се предаваме и кога спобудалуваме. Си подаваме рака, и тука сме едни за други за за не паднеме во замка, туѓа мамка. Реторички прашања се поставуваат, на некои не можат да се најдат одговори, и некои работи не можат да се опишат со зборови. Седам и се восхитувам. Благодарност искажувам. Тематики различни, разговори недовршени од некое дамнешно време, за нашето семе, на кое не сме можеле да се сеќаваме, бидејќи сме се правдале дека време нема, работата сето ни го зема. А некогаш одговорите на нештата ни се толку блиски, нема да се решат со константно пиење на виски. Но, сите ги подигнуваме чашите, весели, наздравуваме за нашите, ја чувствуваме енергијата, ја славиме фамилијата. Ова е тоа што ќе го наречеме дом, како од бајките сон. Кога ќе дојде време, ќе пратиме за спомен на сите дел од зимницата, од карфиолот или ротквицата, или пак краставицата. Мили мои, кога повторно ќе се вратиме на обврските, кога е мачно, да останеме силни, да се сетиме на врските, со мислите да седнеме покрај нашето дрво, од прадедо, прво.

Праќам поздрави срдечни. Наздравувам за нас, после долго време се собравме и ако некогаш сме потонати двоумејќи се за некоја заменка, размислувајќи за тешка равенка, таинствена загатка, решението е лесно и секогаш било пред нас, вистински спас, да сме здрави и живи довека во заедничка прегратка.

## II
## Живот

Среќа, убавина, љубов, збиднување. Другарување, молчеливо замислување. Откривање на емоции и пласирање, славење и насмевки, возбудливи прегратки. Соништа и идеи, уметност, солзи радосници, приказни волшебни насликани во сликовници. Патувања и пристигнувања, чудесни доживувања. Пречекувања и збогувања, тинејџерски лудувања. Наздравувања. Доблести, изобилство на вести. Загатки тешки и лесни, дилеми што да се одлучи, малку изгубени, чувство како моментот кога дознаваме дека сме заљубени. Успеси и достигнувања, додворувања. Играње криенка, како трчање во низина, остварување близина. Играјќи танц, вртејќи се како вртелешка, потсетувајќи се на волшебноста кај Пепелашка. Дружби и концерти, насмевки мили, барајќи го искреното, не лажното. Љубовта е најважното, напишаното и отпеаното. Времето возбудливо, после решавање проблем голем се осврнуваме како било драматично, но фантастично издржливо. Провокативно, доста авантуристичко. Прослава за чудата, птицата како пее во муграта, што објаснува и укажува, каква приказна објавува. Дали на некоја сакана се докажува, да каже дали се одважува, тажи за нешто или пак се радува. Сите ракувања и олеснувања, убавината на природата, волшебното во зората. Прекрасниот мирис на преубавиот



**Дупла експозиција (Photoshop)**

ирис. Пеејќи со ѕвездите, насочувајќи ги мислите. Со дувањето на ветерот, творби се пласираат во етерот. Во нега на планини, берејќи капини. Засадувајќи семиња, знаење, патувајќи низ времиња. За мир веејќи знамиња, цутат насекаде лалиња. Маратони и трки, убаво заврзани врвки. Со почетокот на денот, можности и перипетија на ситуации, со пријатели консултации, проследени со надеж, мистерија и интрига, игранка низ бистрина. Пеперутки летаат, души процветуваат, писатели за вакви чудесии секогаш имаат јасен став, со коси бушави како на лав, го создаваат филозофското прашање, што ќе биде денес рецептата на главното јадење. Од сите поздравувања, до следни видувања. Со сите композитори и ансамбли душата заигрува, кажувајќи за миговите, ѕвоната бијат, сенките љупобитно се кријат, во темниците, во скривниците, означувајќи време и волшебност, отчукуваат часовниците. Времето носи приказни, авантуристички ситуации, некогаш работи од сериозност прераснуваат во зезанции. Едукација и средба со учени, кажувајќи како сме си го поминале денот над книга склупчени, дали некој нервозно фрлил копје или сè си било во убава хармонија, нешто ново сме научиле низ оваа Приказнологија. Работни места, дали има потреба да се држиме цврсто со конкуренција бесна. Запознавање луѓе, подавање рака, отворајќи се искрено за некоја рана, нешто што има оставено дамка, кога сме мислеле дека е безбедно ама сме паднале во замка. Учејќи од грешките, ајде насмевнете се, прекрасна креација сме, и со заедничко другарување можеме, да бидеме искрени и да не се лажеме. Никој од нас не е перфектен, не треба да се разочаруваме ако се сопнеме и паднеме, некогаш треба да паднеш за да научиш како да станеш, да не стануваме арогантни ама да не заборааваме дека сме снажни и генијалци, секој на свој начин блеска со свој зачин. И кога сме тажни и осамени, чувствувајќи се прегазени уште малку целосно скршени, но сепак решени, иако е тешко да пробаме да не останеме долго намрштени, почнуваме да игнорираме иницијатива за помош, а ние поради ситуацијата иако е херој или хероина го прогласуваме за кодош. Се затвораме во самите себе, заклучени, не дозволувајќи ништо да пробие, никакви договори, отргнувајќи се од можности, разговори.

Сликовита бајка, како да се справиме ако сме паднале во мамка во обид да се избрише дамка. Како ли не ја увидовме таа замка. Со гордост машка препуштајќи се на илузија на чашка.



**Low poly art**

Сè со цел да не бидеме повредени уште еднаш, ставаме крај веднаш на било каков ризик, подобро сигурен отколку разочаран а некогаш прогласен како шизик, не знае да реши, сега се пази дали правилно ќе диши. Почнуваме да гледаме високо ама не се осмелуваме да посегнеме, плашејќи нешто да не истегнеме. Сонот го потиснуваме, длабоко закопуваме. Еден од најголемите непријатели што можеме да ги имаме сме самите ние, не согледувајќи колку ли само сме слатки, дека декогаш бевме батки. Дечки кул сме, леле. Ако сакаме да дознаеме што се случува на следната страница од книгата, можеме да се двоумиме, почнуваме самите себе да се губиме, се продаваме на парчиња и во неповелни ситуации се нудиме, не ја сакаме караницата, барем нешто ќе остане за да се подновиме и да си купиме, ама седиме надевајќи се предолго и заборавме дека можеби треба да пробаме да ја завртиме страницата, можеби со тоа ќе ја дознаеме смислата, ќе ја насочиме мислата, или имајќи желба да каснеме, умствено да пораснеме и да го споделиме со некој коштанот, зошто би го гледале долго време, почнувајќи да ни се чини како вечност, размислувајќи да не се боцнеме при вадењето на лушпата, или плашејќи се да пробаме да зготвиме нешто во куќата. Да не ни изгори, печката да не прегори? Се фокусираме на нешто негативно, игнорирајќи позитивно. Ајде ве молам да се опуштиме и да веруваме во љубовта. А што ако еден чекор те дели од сон остварен, мир спокоен, радост и откриена мисла, се шири мирис од китка. Срце убавко блика. Како би знаеле доколку не пробаме, коцкајќи се со можност на ситуација, ставајќи си решетка, а всушност сонувајќи слобода. Сјај, блескај! Да не си правиме неправда самите себе, да се сакаме затоа што супер сме, леле. Ако згрешиме да се извиниме, да научиме да простиме на други како и на самите себе, па да викнеме гордо на глас со зарипнат бас. Да бидеме самокритични, каде можеме да се подобриме, да бидеме љубопитни, искрени а не дволични. Сите заедно во близина, да не заборавиме дека сме прекрасна човечка фамилија, и покрај изобилство на ставови и одредени неогласувања, да не се караме и оддалечуваме кога има спојка, сите ајде да заиграме како совршена двојка, со внатрешна интуиција, на мелодијата на љубовта, на најубава композиција. Тоа што се случило вчера е случено, тоа што ќе се случи денес тоа се случува, сега се одлучува. Да не се изгубиме многу мислејќи на утре или вчера, стравовите не треба да врескаат, денес е сегашно време кое нуди можности и ситуации што блескаат. Вчера за вчера, утре за утре, денес е за денес. Нормално е да имаме сомнежи, ама да не заборавиме на сите доблести. Се насмевнувам додека го искажувам ова, ве сакам сите, уште сјаете и после секоја ваша бура и борба јас славам за вас, ви честитам низ творба. Се радувам и сум благодарен што постоиме, наместо во монолог да се мачиме, треба почесто вака да си збориме, да кажеме колку си значиме. И после напорна работа ајде малку да воздивнеме и да одмориме, за правда и среќа да се бориме. Планини, ливади, шуми, ѕвезди, птици и животни, ружи

и лалиња, инсекти, луѓе, врски, мориња и океани, планета Земја, Млечен Пат, галаксија, колку сè е ова убава атракција. Универзум креиран, живот подарен, ви благодариме мајки, ајде да славиме, за сите приказни, сказни, секојдневни бајки. Солзи радосници, и насмевки. Сите имаме посебна искра и жар, волшебен дар. И сега благодарам и ве сакам, научивме заедно да летаме кога не освежува дождот, кога ќе го повредиме глуждот, не нè дефинира некој неуспех, тој не мотивира да ја увидиме рефлексијата што сме, со љубов да блескаме, пред подареното чудото на случувањето среќно да врескаме. Ајде заедно сите, во добро и во зло, да летаме бесконечно и конечно, да не се плашиме каде ќе слетаме, туку некогаш трпението како што ќе речат е спасението.
Ајде да уживаме во самиот процес на креација со поуки низ преданија, ајде на релакс, време е за уживанција. Со секоја стотинка, секунда, минута. Во сите мигови, доблести, критики, комлименти, врски, ситуации, душевни креации, сериозност па шеги, тага, солзи, убавина па наивна комичност. Грижа, сомнеж, страв и болка. Конечно бисер од отворена школка.
Минато, сегашност, иднина. Споени во множина и еднина.
Ден, недела, месец, година, деценија, век. Хронолошки тек.
Славам за приказните и почитта, за среќата и тагата. Конечно временски еквилибриум на вагата.
Со љубов славам живот, се поклонувам и му благодарам на мигот.

## III
## НАМЕСТО КРАЈ НОВ ПОЧЕТОК

Technology has advanced rapidly. Some people believe that the world has become smaller by bringing people together which is in some aspects correct. We are all more connected hopefully not misdirected. Innovations, remarkable discoveries, finding ways to connect with the world through all the villages and valleys, through the shelters we whisper as a home, contacting a relative understanding what the situation is like, singing everything is going to be alright. While it has its benefits it truly shows a negative side to it as well. Have we been falling into a void staring at that display of pixels? Losing sense of reality, flowing into a fantasy. As the all the research has shown, expressed eloquently from the proclaimed experts stating their beliefs and conclusions. Trying to pull us from the illusion. How many times have you sat outside with friends, next to each to each other yet you dive deep into the phones making priority of how many followers you have or constantly playing the same game oh ladies and gentlemen, fellow humans - what a shame, what a pity. Teenagers would like to use the word lame. Yet after so many voices heard we remain the same.

How many more advertisements should be presented, words of wisdom declared, like an echo through the Universe shared, so that humans care. To be more responsible and to play our part. Are we using technology or its using us? To everyone reading, acknowledging, I thank you sincerely and together united we can make a difference with an impeccable result.

**Никола Симоноски IV-1**




**Ice effect**
**(Photoshop)**

# ОДБРАНИ ЕСЕИ

македонски јазик
и литература

# Важноста на статусните симболи во социјалниот живот на младите

Во денешно време статусните симболи сѐ повеќе се во центарот на нашето внимание. Секој од нас сака да поседува убав автомобил, скапа облека, најнов модел на мобилен телефон. Но, дали навистина тоа треба да е во центарот на нашето внимание?

Секојдневно сме опкружени со статусните симболи. Покрај тоа и социјалните мрежи ни го пласираат истото. Тој гламур и луксуз. Живот како од бајките. Сѐ повеќе луѓето, а особено младите тежнеат кон таков живот. Но, дали навистина тоа треба да претставува наша најголема среќа? Доколку е така тогаш што е со здравјето, нашето семејство, пријателите и сите оние кои ги сакаме? Статусните симболи, тој луксуз можеби за момент ќе го направат нашиот живот поубав и ќе направат да се чувствуваме поисполнето, но сите овие работи може да се купат со пари, додека од друга страна здравјето и семејството не можат да се купат. Токму поради тоа тие се наше најголемо богатство, наша најголема среќа.

Семејството е нашиот корен, она од каде потекнуваме. Тоа не може да се одбере ниту да се купи со пари. Тоа е дар од Бога. Место на бесконечна љубов и вистинска среќа. Покрај семејството, и пријателите се нашата среќа. Тоа го кажува и народната поговорка: „Човек е богат онолку колку пријатели познава ". Доколку не сме опкружени со нашите пријатели и луѓе кои ги сакаме, тогаш ние би се чувствувале осамено, отфрлено од целиот свет. Како да сме паднале во дупка од која нема излез. Токму поради ова семејството и луѓето кои ги сакаме се наше најголемо богатство и ниту една материјална вредност не може да ги замени.

Покрај семејството и сите оние кои ги сакаме постои и здравјето. Доколку немаме здравје, ние не би можеле да уживаме во убавините кои ни ги дава животот и сите тие статусни симболи. Тие симболи кои дотогаш ни претставувале најголема среќа, повеќе немаат никаква важност, затоа што сега здравјето не може да го замени , ниту еден автомобил, ниту едно парче брендирана облека. Ниту еден луксуз не може да ја плати цената на здравјето. Затоа треба да сме благодарни за нашиот живот и здравје.

Статусните симболи се повеќе негативно влијаат врз социјализацијата на младите. Тие сѐ повеќе сакаат и стануваат зависни од скапи автомобили,

убава облека, најнова технологија. Обземени од таа желба за да бидат дел од тој луксуз, кој секојдневно го гледаат главно на социјалните мрежи, забораваат на основните морални вредности, на вистинските богатства и радости во животот, кои не можат да се купат со пари.

**Верица Ѓорѓиева II-1**

Статусните симболи се тема на критика и дискусија од страна на многу општествени групи. Би се согласиле ние или не статусниот симбол е грижа на сечие секојдневие. Оваа алатка за сликање која би требало да го црта само луксузот, денес е пример за создавање евтини копии кои несофистицирано влијаат на свеста и креативноста на младите

Во очите на многу млади брендот е огледало само на престижниот живот. Но, на страна од луксузот стои друго лице кон кое ретко кој се врти. Процесот на издигнување кон повисок социјален статус, напорната работа, способноста, упорноста. Второто лице на луксузот е грижа на многу мал дел од луѓето бидејќи тоа не е нешто што социјалните мрежи го прикажуваат и изнесуваат. Весникот ретко пишува за патот до успехот. Но затоа ни ги изнесува сликите од „обични смртници“ облечени во дизајнерски парчиња. Брендот на облеката не влијае на подготвеноста и способноста на еден човек. Тренингот ќе биде еднакво тежок без разлика на цената на твојата опрема. Часовникот без разлика на неговата цена ќе го покажува истото време. Немој да го учиш своето дете да биде богато, научи го да биде среќно, кога ќе порасне ќе ја знае вредноста на работите а не нивната цена.

Многу е важно на секое дете да се објасни разликата помеѓу замислени и вистински чувства. Среќата треба да ја поседуваш сега, да ја држиш во себе најсилно што можеш додека ја имаш, среќата не е нешто што доаѓа со материјалните работи. Многумина мислат дека кога ќе купат нови патики ќе бидат среќни и задоволни, трчаат по среќата, имагинарно ја замислуваат. Факт е дека секој предмет што го сметаме за лична сопственост, добива вредност затоа што во него ги вложуваме своите чувства и својот идентитет. Често нештата што ги купуваме се само облик на компензација за недостигот на радост или љубов, а во таквите ситуации тие ни носат само краткорочна среќа.

Идентитетот на човекот е флуид што го зазема обликот на садот во кој се наоѓа. Тоа што сме е тешко да се фати затоа што го обликуваат притисоци од многу луѓе, општеството, средината и сложените внатрешни процеси.

Брендовите се само обликување статуа која ќе ја сместат во висок општествен статус. Секој посакува да даде непроѕирен приказ за моќ и

богатство, но треба да сме искрени кон себе и своите способности, да го цениме тоа што сами оригинално сме го создале, да бидеме горди на тоа, секој може да поседува статус СРЕЌЕН ЧОВЕК!

**Бисера Јаневска II-1**

Човечката желба за истакнување над другите, без разлика дали морално или материјално, е особина која е со човекот од неговиот почеток. Гардеробата и слични материјални сопствености се основни работи со кои човекот се истакнува во современото општество, до тој степен што таквите работи важат како статусни симболи.

Честопати скапата гардеробае е само фасада која го покрива човекот и неговиот вистински карактер, кој е вообичаено корумпиран поради големиот број материјални поседи што ги има, чуствувајќи се дека е над тие кои го немаат истото. Ова сепак е позабележливо кај младите, кои честопати своите внатрешни недостатоци ги покриваат со скапи и брендирани работи. Главните две причини за користење брендирани работи се покривање на сопствени неквалитетни особини и барање на внимание кое е резултат на недостаок на домашно внимание. Сопствените слабости, без разлика дали се физички или психички, влијаат врз намалена самодоверба кај детето. Таа намалена самодоверба тоа си ја враќа со брендираните сопствености, кои се како оклоп од тие кои имаат помалку од нив. Тие сметаат дека немаат од што да се плашат од другите. Но, понекогаш, овој менталитет знае да го корумпира самото размислување на детето и тоа да помисли дека е над сите, посебно доколку имаат повеќе и од тие кои имаат многу. Се губи и самата цел која пробувале да ја достигнат на почетокот, зашто сите другари кои ќе ги имаат ќе се со нив само за да извадат материјално најмногу можно од нив, а не бидејќи ги ценат за тоа што се. Вниманието кое им фали лесно се надополнува, бидејќи доволно е некој да се сврти или да прокоментира и тоа е доволно задоволително, но сепак, да најдат група пријатели е целта. Затоа децата чии родители можат да им дозволат такви работи, честопати немаат проблеми со пронаоѓање друштво, но, децата чии родители не можат да им дозволат такви работи, честопати се изолирани од тие друштва и имаат потешкотии да најдат друштво во кое припаѓаат.

Во кратки црти, статусните симболи кај младите прават повеќе лошо отколку добро. Прават хиерархиска поделба на младите и барикада во социјалниот живот кај посиромавите, истовремено правејќи го тешко тие да се искачат до врвот без разлика дали се или не се квалитетни личности.

**Филип Андреевски II-1**



**Smoke effect (Photoshop)**

Живееме во општество во кое терминот статусен симбол е често користен во медумите и дневниот печат. Навраќајќи се низ страниците на историјата може да се забележи дека овој термин постои колку што постои и човекот, но, неговото значење во човековиот живот се менува и зголемува. И ние младите не сме „поштедени“ од влијанието на статусните симболи, па затоа се наметнува прашањето што се всушност статусните симболи и која е нивната улога во социјалниот живот на младите?!

Статусните симболи пред сѐ се однесуваат на положбата која човекот ја има во општеството, а најмногу се однесуваат на неговата економска способност. За да се покаже моќ и успех мора да се поседуваат што е можно поголем број статусни симболи. Скап накит, скапи автомобили и облека кои се белези на припадниците на високата класа во општеството. Ако во 80-тите години статусен симбол беше да се има телевизор во боја, денес тие се вообичаени и присутни во секое семејство. Како претставник на младата генерација и јас сум допрен од влијанието на статусните симболи во мојот социјален живот. Скапа марка патики, скап телефон - најчесто ајфон, излегување на „фенси“ места, приватни школи се статусни симболи на младиот свет денес. Преку нив лесно добиваш популарност во друштвото и си етикиран како личност од високата класа. Понекогаш тоа годи, понекогаш не. Зависи во каква околина растеш и како си воспитуван. Јутјуберите и инфлуенсерите, спортските звезди и глумците се тие кои секојдневно ги пратиме, посакуваме да сме ние на нивното место, но, дали нивните статусните симболи се реалност или лажен сјај?! Дали тие би нѐ направиле посреќни или само полесно прифатени од средината, пријателите?! Факт е дека секој посакува моќ, богатство, луксуз, зашто во денешно време околината формира мислење за тебе според сите горенаведени статусни симболи и животниот стил. Можеби човек треба да се помири дека не може секој да живее во луксуз. Ако немаш луксуз треба да уживаш во она што го имаш. Ние младите не треба да дозволиме статусните симболи да се единствена наша слика. Скапиот часовник, патики, телефон се само дел од она што сме. Младите треба да бидат еднакви и рамноправни без разлика на статусните симболи. Нивните статусни симболи треба да бидат образованието, трудот, воспитанието, спортските успеси, љубовта и среќата.

Ставовите за важноста на статусните симбли се различни. На нас младите е да избереме и одлучиме кои сме, каде сме и каде сакаме да бидеме! Можеби е време да кажеме „СТОП“ на матерјалните добра како статусни симболи и да се свртиме кон она што дава здрава младина и здраво и стабилно општество, а тоа е почит кон возрасните, најблиските, професорите, подигање на културната свест и секако труд, знаење и постојано лично надградување.

**Лука Божинов II-1**

Вредност, пласирана чесност некогаш за жал реткост. Морал, како бистар корал, во душата жар, чудесен дар. Животна приказна, проза и поезија, приказнологија. Среќа со сиот тој сјај, наздравувајќи со шолја чај. Или пак тага, скршено срце, изгубена врска, како ненадејна одврзана врвка. Некој постојано брза небаре е на некоја вонсериска прочуена трка, во меѓувреме некој си седи и срка супа, нема намера по врати возбудено да чука, ниту, пак, да посегне да пронајде нешто со лупа.

Сите луѓе на оваа животна авантура, некој не можејќи да заспие до некоја мугра мислејќи за смислата на животот, како некогаш може да има бура во вирот. Некој неплатен долг, морајќи да заигра со колк, гризејќи остро за да преживее како волк, останувајќи нем во молк. Во нашето општество, во таа заедница на таканареченото заедништво, изобилство на комшии и на предадената лекција како треба да се почитуваме и сакаме, да се смириме ако се скараме, и да не заборавиме љубов да дадеме. Колку ли се пласира таа лекција во знаење и во пракса или, пак, само проговорена небаре за една петка во дневник, копнеејки да те пишува по медиум во весник. Некој чувствувајќи се осамено во некој мрак, ставајќи капак на емоциите и на кој било зрак, со насмевка не покажувајќи незадоволен знак празнејќи ги шишињата повторно пак наводнувајќи се со таа зависна надеж, летнувајќи по тој копнеж. Лебдејќи во некој убав свет, каде нема тага и никој не мава грубо со рака, нема прснување на срце од мака. Каде си заигруваш валцер иако никогаш не си се идентификувал како танчер. Каде насмевката не краси сите, срце блика, и едно оро се врти, никој не се мршти.

Многу често сум слушнал, некој шушнал за колку имаш книжевност во паричникот дувнал. Некој врз основа на тоа ќе размисли дали воопшто сака да се зборува дека те гушнал, по тоа ќе се одлучи дали те сака, па да ти пружи рака или види баце онака, напуштајќи те демек ти дава слобода ти да одлучиш со животот, како си сакаш, така. Имоти, поседи, двоседи и троседи. Колку ли ти е цифрата на сметката, дали те фали во маалото тетката. Дали си доволно достоинствен за да бидеш заедно со ќерката. Што носиш на себе, дали имаш скапо грандиозно ќебе, некој накит да те краси, да се види од какво ли стварно

семе си изникнат, или искубен, изгинат. По тие работи ти се прикажува, разјаснува, ти се бае, ти се бара чаре. Предвидуваат таканаречените маалски филозофи, со пуни пари фиоки, ја немаат прочитано ни  Зоки Поки, јадат смоки. Материјалноста ги опседнува и во нивниот ум ги крева над другите, а всушност во реалност ми се чини како да се губат  низ пругите, иако мислат дека се кралеви на мугрите, играјќи со тутун, пуштајки смог во пумпите, насилно грабајќи ги крушите, немаат време ни да ги излупат лушпите.

Дали на младите, постарите, статусните симболи се прикажани. Како ли дефинираме личност? Не смееме да дозволиме тоа да биде главниот темел на дефиницијата на битието, откритието. Молба до светот, композиција низ векот.

**Никола Симоноски IV-1**

Во животот порано младите биле многу ограничени во своите можности, немало технологија, се почитувале родителите и правилата, имало многу мал напредок, но сепак сите биле среќни и задоволни со тоа што го имале. За жал, денес не е така, младите не се ни блиску до тоа што биле порано, а задоволството и среќата ја немам видено во многу од нив.

Живееме во општество во кое еден од најголемите проблеми на младите се изгубените вредности. Чесноста и трудот биле клуч на успехот, а сега тие ништо не значат. Идеалите на денешната младина се парите и моќта, а за најуспешни се сметаат оние кои најлесно и најбрзо успеале да стигнат до нив.

Статусни симболи за оваа деценија се: моќен автомобил, брендиран часовник, базен во куќата, патувања со прва класа, празници во странство, приватни школи и факултети...

Денес е многу тешко да се дефинира значењето на статусниот симбол поради замаглените разлики помеѓу социјалните класи на луѓе. Добрата волја и нивото на статус на човекот може да се одрази врз основа на облеката и додатоците што ги носи тој. Наместо тоа, социјалниот статус не се гледа со препуштениот луксуз, туку во квалитетот на истиот. Каде да поминете семеен одмор е многу поважно отколку кога или колку често.

Младите имаат илузии дека луксузните брендови се изработени со висок квалитет или најдобри материјали и дека се симбол на богатството и сметаат дека тоа ќе го рефлектира или менува нивниот лик за себе, затоа, некои тинејџери сакаат производи од луксузни марки. Но, некои тинејџери само ќе ги купат овие, бидејќи мислат дека тоа ги прави популарни, и дека

луѓето околу нив повеќе ке ги сакаат.

Ако сакаме да бидеме среќни, лесно би се постигнало, но сакаме да бидеме посреќни од другите луѓе, а тоа е речиси невозможно, бидејќи ние секогаш мислиме дека другите се посреќни од нас.

Секој посакува демонстрација на богатство и моќ! Но, треба да сме реални кон себе и колку можеме. Да уживаме во она што сме го создале и тоа да ни е мило. Да умееме да се стремиме секогаш кон убавото, да бидеме она што вистински сме. Статусните симболи се во секој од нас, на пример статус „вљубен“, статус „сакан“, статус „среќен“. Сето тоа се симболи, само треба да се пронајдат.

**Веда Ефтимова II-1**

Материјализмот, поточно индустрискиот капитализам како доминантни претставници на новата епоха, поттикнаа воведување на многу претходно ирелевантни вредносни текови. Како системи кои диктираат издигнување на парите на врвот од хиерархијата, дадоа простор за поистоветување на ваквите средства со статусните симболи во денешното општество и во сите негови сфери, што стана глобално прифатено мислење без занемарливи побуни.

Како што беше наложено, престижните и материјално тешко достапните предмети како мобилните „гаџети“, луксузните автомобили, брендирана облека и сл., станаа животен идеал за денешниот човек. На првиот удар за апсорпција на ваквите теории беа младите, при што ставовите коренито се имплементирани во нивните животни стилови и социјални структури. Реципрочната замена на моралот и емоциите со парично вредносни објекти, стана наше секојдневие, а како претставителен производ и резултат на претходните процеси се појави социјалната поделба.

Раслојувањето не само што создаде видливи бариери, туку и генерираше мрежа на предрасуди и непријателство меѓу варијаблите, создавајќи оправдание за меѓусебната спротивставеност. Поделбата, која според мене е преовладувачки негативна и неоправдана, ги дефинираше луѓето, со посебен акцент на младите, како предиспонирани кон успех и моќ поради лични можности-поседувањето статус, а наспроти тоа губитниците кои по нивна сопствена вина се на таа позиција. Последиците од медиократијата, им вкоренија на денешните непроцутени индивидуи фобии дека ако не се стекнат со признанија, во вид на пари, односно денешните статусни симболи, нема да имаат смисла за постоење во материјалното општество.

Што заборавивме во целата настаната ситуација? Чувствата и човечката психолошка природа. Подлегнувајќи на следење симболи со конечно неконстантна графа, секогаш изложени на промени, дозволивме да ни ги идентификуваат честичките на сопствената среќа. Па, така, денешната младина има недостаток од почит, внимание и љубов кои ги бара во опседнување со статусот. Тинејџерот кој сосредоточено го гледаме како лудува по улиците со мерцедесот на татко му, воедно има проблеми со преосетливост и му недостасува љубов.

Сепак контролните системи отсекогаш биле доминанти на светската сцена и не можеме целосно да ги обвиниме. Освестувањето на индивидуата за вештачките особини на денешната идеолошка матрица и општествен код, води кон тезата дека туѓите поседувања, туѓата среќа и наметнатите, релативно погрешни симболи, не треба да го оформуваат нашето сопствено јас. Строго треба да излеземе од размислувањето дека биолошкиот ентитет својата смисла на постоење, градење комуникација и поделба треба да ја согледа во таа монотоност. Интелектот, меѓусебната соработка и креирањето комплекс од етички вредности се единствена правилна подлога врз која може да се овозможат одредени статусни форми и вреднувања на луѓето.

Наместо социјалната изолација преку сумирање во гето групи, имаме потреба од издигнување на социјалната поврзаност. Хиерархијата во случајот, како биолошка релација е сосема природна, но клучот е во избирање на правилната вредност според која ќе се интерпретира таа подреденост. Надополнето на тоа, прифаќањето на фактот дека нашите надворешни успеси никогаш не треба целосно да нè дефинираат е само првиот чекор кон подобрување на меѓучовечките односи и задоволството од себе.

**Јована Божиновска IV-1**

# Современата технологија ја поттикнува отуѓеноста меѓу луѓето

Неизбежните иновации во современата комуникациска технологија имаат многу големо влијание во животот денес, а тоа има ефект и врз социјалните односи. Иако современата технологија го олеснува животот на луѓето во последните децении и се овозможува полесна и побрза комуникација, ваквиот начин на современ живот предизвикува отсуство од реалниот свет. Наместо дружење и блискост, социјалните мрежи се најкористено средство за

општење меѓу младите.

Постојаната надградба на гаџети и интерактивни софтверски програми ги тера луѓето да го патронизираат најновиот режим на комуникација. Така, речиси сите се опседнати со користење на овие типови комуникација. Мнозинството луѓе честопати се приклучени на интернет за да проверат известувања од разни апликации што ги користат за комуникација и поминуваат подолго време на нивните телефони и современи уреди, отколку што се дружат лично со своите пријатели, соработници и семејства. Како резултат на тоа, социјалните односи и меѓусебната реална комуникација на луѓето страдаат заради нивната изолација од средината. Освен тоа, модернизацијата на комуникацијата и технологијата има значително влијание и врз кариерата на луѓето и нивните односи со колегите, пред сè заради слабите интерперсонални комуникациски вештини и лошата тимска работа. Во денешно време, вистинската интеракција со службените лица се намалува затоа што луѓето користат различни социјални медиуми за комуникација. Заради тоа, во некои европски земји, многу компании воделе радикална забрана за употреба на социјалните медиуми за време на работното време, бидејќи сакаат нивните вработени да соработуваат со своите колеги и да промовираат тимска работа. Истото се случува и во училиштата. Наместо реална комуникација, децата ги користат своите телефони за разговор, видео игри и слично, дури и за време на часовите и одморите. Концентрацијата при следењето настава е минимализирана поради фактот што социјалните медиуми се поинтересни од лекциите на професорот. Погубен е и фактот е што понекогаш младите не ги користат социјалните мрежи за интеракција со одредена полза, туку за ширење на навреди и омраза. Живееме во култура која поттикнува нарушено меѓусебно внимание и комуникација заради хиперконективност. Секој од нас е „роб“ на современата технологија. Прекумерното користење на интернет комуникацијата како доминантен начин на комуникација е бегање од вистинскиот идентитет и градење на дигитален, предупредуваат психолозите. Според експертите, тоа негативно се одразува врз квалитетот на живот, а човекот станува „жртва“ на голем број бескорисни информации. Дружењето се врши преку меѓусебна размена на фотографии, статуси, лајкови. Споделувањето е постоење. Наместо воспоставување реални, вистински пријателства, секој од нас е обземен со лична промоција и градење на социјалните профили. Во ера кога Интернет-уредите се секогаш вклучени, средбата лице в лице станува сè поретка бидејќи луѓето претпочитаат да се сретнат на екран. Очекуваме повеќе од технологијата, а помалку едни од други.

Технологијата се развива, а ненаситноста за најнови технолошки откритија станува сè поголема. Интернетот е неизбежен дел од 21 век во секој

аспект од животот, но границата помеѓу вистинската потреба од технологијата и зависноста од неа е многу лесна за преминување. Затоа, јас силно верувам дека луѓето треба да ја контролираат употребата на технологијата за комуникација и никогаш да не го заборават значењето на личната интеракција. Оттука произлегува дека технологијата треба претпазливо да се користи бидејќи може да биде штетна врз поединецот и општеството поради ризикот од зависност.

**Тијана Огњаноска III-2**

Со напредокот на општеството, а со тоа и на самата технологија, ние како цивилизација сме сè поблиску едни до други, односно тоа е целата поента на современата технологија. Но, дали ние всушност сме поблиски со луѓето коишто секојдневно не ги гледаме или пак ја губиме секојдневната комуникација со луѓето со коишто сме опкружени? Дали стануваме робови на современата технологија и мултимилионските компании? И дали воопшто сме свесни за сето тоа, или пак слепо удираме со главата во ѕид?

Во нашите секојдневија ние сите се соочуваме со секакви проблеми, дали тоа биле на работното место, потребите на устите кои треба да се нахранат дома или социјалните недостатоци на самото општество. Единствениот спас кој го гледаме е виртуалниот свет кој ни овозможува моментално бегство од реалноста. Но, никој од нас не е доволно свесен дека со постојаното бегство од реалноста на овој начин ја губиме поврзаноста со луѓето околу нас. Сите зборови кои не можат да се кажат во лице се насочуваат кон невини лица на социјалните мрежи. Отуѓеноста на луѓето станува огромна. Караниците, психичкото насилство , а по тоа и физичкото во екстремни случаи, резултираат во растурени бракови, деца со разведени родители, лица оставени сами на себе без никој околу нив. Но , дали единствена причина се социјалните мрежи и современата технологија? Или, пак, тие се само индикаторот кој ја разгорува ситуацијата да ескалира во несакани ситуации? Самата современа технологија ни е пружена ѐза да нѐ спои повеќе не само меѓу нас и нашите познајници, туку и со луѓето насекаде низ светот. Но , многу малку луѓе тоа го сфаќаат, односно сакаат да го сфатат и се препуштаат на своите слабости. Проблемот не е до самата технологија, туку до самите луѓе кои попрво би го имале туѓото внимание и љубов од луѓето кои не им „припаѓаат“ отколку од луѓето околу нив кои навистина се грижат за нив и ги љубат. Постојат многу начини на кои може да се поврзат виртуалниот свет и реалноста и со тоа да се постигне една златна средина која ќе биде одлична за сите, постојат и начини со кои може да се „излечи“ таа состојба на отуѓеност, но реалноста е дека никој не е спремен тоа да го примени и да признае дека греши. Доколку продолжи оваа отуѓеност ќе нѐ однесе на пат кој ќе не доведе до пропаст, а со тоа и крај на самиот

човечки род. Секој ќе биде посветен исклучително само на себе и смислата на заедничкото живеење ќе се изгуби.

Сѐ додека нашата егоцентрична страна надвладува и сѐ додека се покоруваме на технологијата целосно, нашата меѓусебна комуникација полека целосно ќе ја снема, а со тоа ќе ја снема и нашата човечност. Ќе изгубиме поим за време, место, ќе ги изгубиме луѓето околу нас, а со тоа само ќе се изгубиме и самите себе.

**Ангела Петковска III-4**

Современата технологија како стандардизиран начин на комуникација дава пат кон поефикасна социјализација меѓу луѓето, го подобрува општеството во огромни размери и прави голема разлика во секојдневниот живот на луѓето и начинот на кој планетата се развива. Но, многу луѓе размислуваат песимистички за употребата на електрониката во модерното општество, фокусирајќи се на фактот дека технологијата и модерните алатки на подобрување на човечкиот свет истовремено го уништуваат светот на сите други организми освен оние адаптирани на луѓе кои секојдневно се притиснати сѐ поблиску до истребување, додека луѓето се сѐ пооддалечени меѓусебно поради заразните расеаности кои човекот не е способен да ги отфрли комплетно.

Многу луѓе, критичари и биолози специфично мислат дека појавата на луѓето е шестото масивно истребување на планетата земја, фокусирајќи се на фактот дека луѓето не ја конзервираат планетата земја многу поразлично отколку што мајмун со потсвест, и со уште еден прст и комуникација би направил. Луѓето уништуваат сѐ со лошо употребување на работите кои оригинално мислат дека им помагаат, и многу луѓе го поставуваат новото прашање, дали воопшто ке има друга верзија од луѓето пред технологијата да стане свесна и да разбере дека никој од нас не е битен, убивајки не сите? Технологијата во денешно време не е ни блиску до каде камен којшто го форсиравме да мисли би сакал да биде ако имаше амбиции, но, пак во драстично мало време драстично големи последици се случија на луѓето, специфично дразнејќи го распонот на внимание кај луѓето, отуѓувајќи и затнувајќи ги, доведувајќи ги да се занимаваат или концентрираат на небитни работи, но и многу ефикасни и корисни работи, како брз пристап до светски распоредени информации, давајќи нов (иако поодалечен) стил на вмрежена комуникација, како и подобрувајќи светски агенции, давајќи човечка слобода, помагајќи со прекумерна популација преку раскинување врски меѓу луѓето, како и покажувајќи го вистинскиот карактер на светот во ново светло.

Јас мислам дека современата технологија роди нов, поискусен но поотуѓен и универзално понастроен, покоординиран но помалку необичен човек, кој многу повеќе размислува но многу помалку прави физички активности од секаков вид, и мисии, и идеи, и преработки и планови, но, во исто време изгуби нешто фундаментално, не само за човекот туку за целиот свет.

Јас мислам дека технологијата е супер можност на човекот да најде делови од постоењето кои биле пред тоа невозможни – што е прекуморен и необичен услов, но со одвратна и вознемирлива позадина и иднина, којашто скришно можеби е и добра работа – но сигурно не за луѓето, кои сега се пооддалечени од тоа што некогаш биле, и само полошо ке станува од тука. Но, можеби треба, бидејќи луѓето ни еднаш не размислија масовно во колектив за сите други животни на оваа Земја, кои сто проценти немаа шанса да создадат вештачка симулативна електронски настроена датабаза само од метал и неколку камења, кои субјективно има шанса да ги уништи луѓето и целата планета, и тоа не заради премалку знаење – туку заради премногу знаење, но, со изгубена суштина.

**Андреј Петров II-1**

Отуѓеноста како збор и како феномен го знаеме уште од раните денови на социологијата кога познатиот социолог Карл Маркс ја дефинираше отуѓеноста како перцепција од страна на луѓето кои стануваат сè понеспособни да ги контролираат социјалните сили што им го обликуваат животот. Се разбира, Маркс ова го кажал за индустриското општество, но оваа дефиниција се приспособува и за некои негативни последици од денешната современа технологија, а тоа ќе го видиме подолу.

Во нејзината основа отуѓеноста е главно политички концепт и дефиницијата на Маркс зборува токму за оваа капиталистичка економија во која живееме и денес. Во современиот свет отуѓеноста е многу рапространета и може да е последица на намалувањето на средната класа, глобализацијата, нефункционалните политички системи - каде што народот чувствува дека нема никаква сила врз одлуките на оние од власта, интернетот и современата технологија.

Да почнеме со технологијата, која е тесно поврзана со првата причина, односно намалувањето на средната класа. Со развитокот на технологијата на пазарот доаѓаат разни уреди и машини кои ветуваат дека ќе ни го направат животот полесен. Во индустријализираниот концепт ова значи замена на неколку луѓе со една машина и затоа што живееме во капиталистичка



**Апстрактни форми (Illustrator)**

економија, платите постојано се намалуваат а цените се покачуваат. Ова доведува до отуѓеност затоа што човекот нема контрола врз тоа што го работи ни како го работи. Таа се појавува и кај најновите паметни уреди кои, на некој начин се направени да предвидат или пак да одбијат човечко донесување одлуки. Почнувајќи од Google Autocomplete сè до паметните автомобили.

Интернетот предизвикува отуѓеност со тоа што таму веќе ништо не е приватно. Денешните социјални мрежи се трудат да понудат некој степен на приватност, но, треба да се знае дека во моментот кога нешто ќе се прикачи на интернетот веќе нема враќање. Без разлика на тоа дали подоцна ќе го симнете или не. Сите податоци се чуваат некаде и сите ги има некаде. Во овој случај отуѓеноста доаѓа од знаењето дека веќе ништо не е приватно, ништо не е ваше, имате некој невидлив непријател кој постојано собира податоци за вас, ги продава на фирми и компании кои подоцна ги употребуваат за нивна лична придобивка, како што беше случајот за скандалот со Cambridge Analytica .

Изгледа дека ние живееме во состојба на неспокојство и страв дека нашите податоци ќе се злоупотребат, што е повторно надвор од наша контрола. Заклучуваме дека современата технологија ја поттикнува отуѓеноста меѓу луѓето, дека теоријата за отуѓеноста на Карл Маркс сè уште е точна и во својата основа има желбата за пари и власт.

**Аника Абдулаху II-1**

Во денешно време повеќето живееме во оној виртуелен свет кој не постои. Го трошиме своето време за да задоволиме личности кои постојат само на телефоните. Заборавамe дека постои друг, вистински свет околу нас.

Некои тешко ги разграничуваат реалниот и виртуелниот свет, а некои, пак, добро ја гледаат разликата и прифатиле да ја игнорираат. Се имам сретнато со разни случаи на оваа тема, што веќе не знам за што попрво да зборувам. Технологијата и социјалните мрежи имаат за цел да не поврзат и зближат, нели? Ако им е тоа работата, во тој случај не си ја вршат добро. Луѓето станаа опседнати со тоа да се прикажат во најубаво светло на интернет.

Да изгледа како да имаат совршен живот. Целата своја енергија и посветеност ја насочуваат кон тоа. Веројатно тоа им е полесно отколку вистински да се потрудат да си го направат животот интересен. А зошто воопшто е важно некој кој живее стотици километри од нас и не знае ништо освен нашето име и презиме да мисли дека имаме совршен живот? Постигнуваме нешто со тоа? Замислете само целата таа енергија да беше вложена во нешто многу поважно. Ова е страшното кај луѓето. Ги сметаат за поважни оние кои ги виделе само на слика и ги забораваат сите околу нив. Се изолираат себеси од сите. Да, успеваат да направат да имаат ,,совршен живот" кој за жал постои само во оние мрежи од испреплетени пиксели. Но, по која цена? Само успеаа да станат далечни дури и за оние што се на десет чекори од нив.

Често ја слушам фразата ,,види колку ме следат на Инстаграм, имам многу пријатели". Доколку поради некоја необјаснета причина го снема интернетот во целиот свет, каде ќе бидат тогаш вашите ,,пријатели"? Ќе немате никој, бидејќи сте ги заборавиле сите околу вас. Обземени од страста кон технологијата си ја забораваме човечноста. Стануваме роботи робови на целата оваа мрежа наречена интернет. Сакајќи да се зближиме со личности кои кога ни е лошо праќаат стикери што плачат се оддалечуваме од сите оние кои се вистински тука и би не прегрнале кога не е добро. И покрај се што зборувам, нема назад. Длабоко сме влезени во ова. Веќе се изолиравме, си изградивме невидлив ѕид околу. Технологијата требаше да ни помогне да најдеме пријатели но, наместо тоа ни помогна да станеме ладни суштества, да запоставиме сѐ што е вистинско и да избегаме од реалноста.

Додека сѐ уште не е доцна да почнеме да се посветуваме на нештата кои не зависат само од штекер и кабел. Да се фокусираме на искрените, секојдневни разговори во четири очи. Забегавме многу, си должиме себеси да се вратиме на вистинскиот пат.

**Александра Брашнарска II-1**

Со севкупниот напредок во научните и технолошки сфери на глобално ниво, новите технологии си зедоа за право масовно да се пласираат во нашето секојдневие. Преку нивната имплементација, човечката раса присвои широк дијапазон на употребливи информации во единица време. Во секоја секунда од денот имаш можност да воспоставиш ,,телепатска" врска со секој поврзан на мрежата, но дали оваа комплексност нѐ приближи или резултираше со негативни заклучоци.

Се пофреквентно, се забележуваме себеси како апсурдно ја набљудуваме со часови нашата омилена играчка-телефонот. Таму е

концентрирано целокупното наше секојдневие, идеалот на епохата, и поради стравот од изоставување и на најмалите случувања, го игнорираме реалниот биолошки ентитет и опкружување. Најсубверзивното во ситуацијата се изразува преку теоријата за создавање „дигитални зомбиња", кои тежнеат кон појава на ментални болести, најчесто предизвикани од бесцелната и конфузна употреба на интернетот и неговите добра.

Надоврзувајќи се на претходно воведените аргументи, несвесноста за создадената ситуација придонесува за неможност кон објективизирањето на навидум неправилната дигитална парадигма. Тешко воочливиот „луцифер ефект" зад виртуелната маска води кон истакнување на најмрачните страни на нашата природа. Во услови на дезориентација, деперсонализација, дополнително без потребата за поголем влог на енергетски честички, ние сме предодредени кон неодговорно и неморално однесување на социјалните мрежи. Дополнително, индиферентно тежнееме кон приклучување во строго стигматизиран систем, притоа губејќи ги архаичните елементи. Не го согледуваме третманот на социјалните мрежи преку кој тие го обликуваат и конструираат нашиот идентитет, креирајќи само објекти за манипулација кои го преферираат квантитетот во соднос со квалитетот. Споредбата, поточно самата сличност на оваа контрола со тоталитарните режими од минатото, нагласува одредени опасности кои не се за занемарување.



**Апстрактни форми (Illustrator)**

Меѓу многуте, генерализираното бегство од нашите колективни корени се изразува како доминантно, преку ефектот на отуѓување од природата, од околината и од самите себе. Наспроти рефлексната реакција, интерпретирана при гестикулацијата и искажувањето на мислите, која е суштинска за нашето битие, со раширени раце го прифативме напливот на дехуманизација и зависноста од нешто апстрактно. Интернет мрежата и анагогните сигнати не се опипливи и приемливи од мозокот како останатите предмети, а сепак дозволивме да извршат контрола врз нашите хормонски регулативи. Реципрочната размена на времето поминато на вистинска, лице во лице комуникација, која го стимулира фронталниот кортекс и создава уметност и вештина на говорот, и времето употребено во уредување и преанализирање на најпроста порака, стана црна реалност на денешницата.

Наместо ендопринот кој се лачи при искрена насмевка и емоции на среќа, по кратка постапка го идеализираме допаминот, кој енормно се произведува при интернет интеракциите и воспоставувањето онлајн врски.

Покрај сè, овој свет кој се создава е високо изложен на неавтентичност и дезинтерпретација како главни вредности. Денешниот тек се насочува кон чисто хомогена заедница, без никакви варијабли во која главен на хиерархијата ќе е роботот, како олицетворение на технологијата.

Можноста за поправање на грешките секогаш постои, но битна е свесноста и информираноста. Во замена за нарушената и отуѓена микросредината која ја создаде интернетот, предлагам маркосредина со биолошки активни објекти. И за крај најважното, да го живееме животот во неговото лекурентно движење, а не во криптичноста на виртуелниот свет.

**Јована Божиновска IV-1**



**Познати симболи**
**(Illustrator)**



ГИМНАЗИЈА
АЛГОРИТАМ